# КИНОНИЈА



# КИНОНИЈА

Кинонија (Заедница) е списание за православна вера, култура, воспитание, образование и наука. Идејата за создавање на едно вакво дополнително списание како периодика во склоп на епархискиот гласник „Православие“ произлезе од потребата на македонските верници во дијаспората, односно во Австралиско – Сиднејската епархија, кои пројавуваат интерес за православни теми и прашања, како и за важни настани од животот на Македонската Православна Црква–Охридска Архиепископија (МПЦ-ОА).

Со благослов на Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј – ќе излегува од печат еднаш годишно како двоброј и ќе разработува најразлични современи теми.

Со почит,
Уредувачкиот одбор

# СОДРЖИНА




ПРЕДГОВОР

ИСТОРИЈА НА МПЦ - ОА
50 години автокефална МПЦ – ОА

ЛИТУРГИСКО БОГОСЛОВИЕ

ЖИТИЈА

СОВРЕМЕНО БОГОСЛОВИЕ

СВЕТООТЕЧКО БОГОСЛОВИЕ

ПОУКА

ФИЛМ

МУЗИКА

ПОЕЗИЈА

ИНТЕРВЈУ

# КИНОНИЈА

## ПРЕДГОВОР

## ИСТОРИЈА ДОСТОЈНА ЗА СЕЌАВАЊЕ, ПОЧИТ И ПОУКА

**Др. Ананија Ананиевски,**
заменик претседател на (МОУА)



# ИСТОРИЈА ДОСТОЈНА ЗА СЕЌАВАЊЕ, ПОЧИТ И ПОУКА

> *„Ние сме Македонци. Затоа и нашето творештво треба да биде во служба на македонската кауза“.*
> —Никола Вапцаров, „Реферат“, 1938

**Др. Ананија Ананиевски,**
заменик претседател на (МОУА)

Почитувани читатели,

Пред нас е месецот во кој што ќе ја одбележиме 50 – годишнината од прогласувањето на автокефалноста на нашата мајка Црква – Охридската Архиепископија во лицето на Македонската Православна Црква. Пред точно 50 години во Катедралниот храм на древните Охридски архиепископи – „Света Софија“ во Охрид – се случил настанот, кој е вовед во една нова историја, која заеднички, секојдневно ја градиме.

Речено е дека „Племето наше е пиреј, и не го ништи ни една војска. Ама ти колку сакаш кошкај ја, куби ја, таа пак не умира. Само малку да се допре до земја и пак ќе се фати, ќе оживи...“. Токму истрајноста и борбеноста како дел од генот на нашите предци за кои ни сведочат историските настани од пред 50 години и нам денес ни се сатисфакција да го сочуваме она што сме го наследиле во аманет, но истото и да го умножиме – за да се покажеме како народ свесен и свет. На нашата генерација како на ниту една до сега ни останува задачата да останеме истрајни во борбата и идеалот за слободна, независна и демократска Македонија, за автокефалниот статут на нашата Света Помесна Православна Црква: Македонската Православна Црква – Охридската Архиепископија (МПЦ-ОА). Во таа борба, драги браќа и сестри единствено би извојувале победа доколку секого





од нас да го даде најдоброто од себе во интерес на Црквата, Татковината и секако на својот народ. И така заедно кон целта да чекориме кон уште милионски годишнини и секоја да бидеме порадосни. Во овие 50 години, што е најважно самостојни научивме секако многу, справувајќи се секојдневно со проблемите, но уверен сум дека заедно можеме повеќе да постигнеме и да добиеме подобри времиња.

Добро е што ние денес го осветлуваме минатото, но уште подобро би било кога повеќе ќе чекориме кон уште посветла иднина и тоа поучени од минатото, кое иако го осветлуваме, сепак забораваме на пораките на иделозите на истото, кои пак гледаа во нас светла иднина. Не е доволно само да се навраќаме назад, исто така потребно и дупло повеќе да пловиме напред. Тоа враќање назад кон спомените треба да е наш стимул и потсетување за тоа колку треба да се бориме и движиме кон напредокот. Треба да се бориме за она што ќе остане на идните поколенија. За тоа се бореле и нашите предци, вредните идеолози на Македонија, многубројните борци за своето право на своја самостојна држава и Црква, кои и својот живот го положиле, борејќи се за посветла иднина и тоа заедно како заедница. Таков бил и повикот во 1967 година и сега е сосема истиот – ***Нашето единство – наша победа!***

Од големината на годинешниот јубилејот се роди и полезната идеја да се создаде едно вакво полезно дело – ова значајно списание, кое го носи името **Кинонија** – што во превод значи Заедница. Овој прв број на списанието е посветен токму на големиот јубилеј – ***„50 години автокефална Македонска Православна Црква – Охридска Архиепископија“***, кој се надевам дека ќе успее да нè обедини во една вистинска заедница.

Списанието е со православна тематика, бидејќи нас ако нешто успеало да нè одржи како народ – единствено нè одржала верата! Верата наша и на нашите татковци – Светото Православие. Списанието изобилува со разни современи теми, кои се надевам дека ќе му бидат од полза на секој православен христијанин. Ќе излегува еднаш годишно како двоброј и истото ќе биде посветувано на некои значајни теми и јубилеи за нашата Помесна Православна Црква.

Во оваа пригода сакам најнапред и особено да му се заблагодарам на мојот надлежен архиерej, Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско – кичевски и Администратор Австралиско – сиднејски г. Тимотеј, кој го благослови и подржа ова благоугодно дело. Благодарност и до сите, кои неуморно се вложија, работејќи на најразличен начин на ова списание. А на оние, кои ќе го читаат – им посакувам духовен лет и преуспевање во животот.

И за на крај се надевам дека овој скромен труд – ќе биде само како синапово зрно, еден сосема мал подарок и придонес кон нашата Света Црква – славеничка. Дај Боже уште многу години да се радуваме на вакви јубилеи и секако подај ни набрзо уште подобри времиња и уште поголеми успеси на секое поле.





# ИСТО-РИЈА НА МПЦ - ОА

Црквата е една. Господ не востанови многу цркви, туку една. А таа една Црква се поистоветува со единственото Тело на единиот Христос. Но, заради тоа што таа една Црква се остварува, се пројавува и иконично се изобразува во евхаристиската заедница возглавена од Епископ, таа, според природата на нештата, се појавува како многу Цркви, зашто незамисливо е да постои една евхаристиска заедница за цел свет.

Таму каде што верниците се собираат „на едно место“ околу својот Епископ за да го совршат евхаристиското собрание, таму се остварува и севкупното Тело Христово, односно таму се возглавува тајната на Божествениот домострој и во потполност се изобразува Царството Божјо. Затоа ние зборуваме за една Црква, којашто е составена од мноштво локални цркви. Исто така, заради тоа што секоја локална црква во којашто се совршува Светата евхаристија претставува потполно Тело Христово, секоја таква локална Црква е, треба да биде и може да се нарече севкупна, потполна Црква.

Како што Светата евхаристија го остварува целиот Христос, а не само некој Негов дел, така и секоја локална Црква претставува потполно Тело Христово, а не само некој Негов дел. Значи, според православната еклисиологија секоја локална епископска Црква претставува потполна, соборна Црква, исполнета со сите благодатни богочовечки дарови Божји потребни за спасение на луѓето, односно претставува цело Тело Христово, зашто поимот Црква се засновува на Светата евхаристија.

Единството на локалната и универзалната (Соборната) Црква не е некакво единство во ‘колективност’ (каде што локалните Цркви би сочинувале ‘делови’ од една поголема ‘целина’), туку е благодатно единство во идентитет, каде што сите локални епископски Цркви, во светата Евхаристија, се поистоветуваат меѓусебно и со Телото Христово, односно и со онаа првобитна Апостолска Црква во Ерусалим и со есхатолошката Црква на Невечерниот ден на Царството на Отецот и Синот и Светиот Дух.

Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Стефан е центар на соборниот живот и единство, како во својата локална Црква, Скопската епархија, така, како прв по чест меѓу еднаквите во Синодот, и на целата наша Македонска Православната Црква - Охридска Архиепископија. Тој е нераскинлива алка во синцирот на соборното единство на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква.



The Church is one. The Lord has not established many churches, but one. And this one Church is identified with the one Body of the one Christ. Still, since this one Church actualises, manifests and iconically portrays herself in the eucharistic community headed by an Episcope, she, in the nature of things, appears as many Churches, because it is inconceivable that there should exist a single eucharistic community for the whole world.

Where the faithful gather “at one place” around their Bishop to actualise the eucharistic assembly, there actualises the whole Body of Christ as well, that is, there the mystery of the Divine Economy is headed and the Kingdom of God is wholly portrayed. Therefore we speak of one Church, which comprises many local Churches. Along with this, since every local Church in which the Holy Eucharist is performed represents a whole Body of Christ, each such local Church is, ought to be and can be called an all-embracing, whole Church.

Just as the Holy Eucharist actualises the whole Christ, not only a certain part of Him, so does each local Church represent the whole Body of Christ, not only a certain part of It. Thus, according to Orthodox ecclesiology, each local episcopal Church represents a whole, catholic Church, filled with all the graceful theanthropic gifts of God necessary for salvation of people, that is, represents the whole Body of Christ, because the concept Church is based on the Holy Eucharist.

The unity of the Local Churches and the universal (Catholic) Church is not some ‘collective unity’ (where the Local Churches would constitute ‘parts’ of a certain bigger ‘unit’ ), but it is graceful unity in identity, where all the Local episcopal Churches, in the Holy Eucharist, are identified with one another and with the Body of Christ, i.e. both with that original Apostolic Church in Jerusalem and with the eschatological Church of the Day without Evening of the Kingdom of the Father and of the Son and of the Holy Spirit.

His Beatitude Archbishop of Ohrid and Macedonia Stephen is the center of the catholic life and unity, just as in his local Church, the Diocese of Skopje, so also, as being the first in honor among the equal in the Holy Synod, in the entire Macedonian Orthodox Church – Archdiocese of Ohrid. He is the inevitable link in the chain of the catholic unity of the One, Holy, Catholic and Apostolic Church .



## ПО ПОВОД 250 ГОДИНИ ОД УКИНУВАЊЕТО НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА (1767 - 2017) И 50 ГОДИНИ ОД ПРОГЛАСУВАЊЕТО НА АФТОКЕФАЛНА МПЦ (1967 - 2017)

**проф. д-р Драган Зајковски**
Институт за Национална историја - Скопје

## АСНОМСКА МАКЕДОНИЈА И ЦРКОВНОТО ПРАШАЊЕ (1943-1945)

**проф. д-р Виолета Ачкоска,**
Филозофски факултет - Скопје

## ЗА АВТОКЕФАЛНОСТА НА МПЦ - ОА

**вонр. проф. д-р Дејан Борисов, ѓакон**
Православен Богословски факултет - Скопје

# ПО ПОВОД 250 ГОДИНИ ОД УКИНУВАЊЕТО НА ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА (1767 - 2017) И 50 ГОДИНИ ОД ПРОГЛАСУВАЊЕТО НА АФТОКЕФАЛНА МПЦ (1967 - 2017)



*„И заврна дожд и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, но таа не падна, зошто беше изградена од камен“*
(Матеј 7, 25)

**проф. д-р Драган Зајковски**
Институт за Национална историја - Скопје

Абстракт:

Предметот на истражување во трудот е историјатот на Охридската Архиепископија, од нејзините почетоци до укинувањето во 1767 година. Токму оваа година бележиме јубилеј од 250 години од нејзиното укинување што е повод за пишување на нашиот текст. Во него најпрво вниманието го насочуваме на почетоците и формирањето на Охридска Архиепископија како автокефална црква, која со текот на времето станала една од највлијателните Цркви во православната екумена. Воедно го нотираме и фактот дека таа за цело време се повикувала на традициите на св. Климент и воедно била ревносен чувар на неговиот култ и духовно наследство. Следно, предметот на интерес е насочен кон историјатот на Охридската Архиепископија во византискиот период и периодот на српската власт (13. - 14. век). Во овој дел заклучуваме дека Охридската Архипископија во ниту еден момент не го изгубила канонскиот статус на автокефална Црква. Состојбата останала непроменета и за време на османлиското завладување на Балканот и Македонија. Сепак во средината на 18. век состојбите се менуваат. До израз доаѓа политикантството на Вселенската Патријаршија. Па така, на нејзина иницијатива во 1767 год. султанот Мустафа III неканонски ја укинал Охридската Архиепископија.

Оваа година прославуваме и 50 години од прогласувањето на автокефалијата на МПЦ – ОА. Токму затоа во вториот дел од текстот даваме краток преглед на историјатот на Македонската Православна Црква, вклучително и прогласувањето на нејзината автокефалија.

Клучни зборови: Охридска Архиепископија, Македонска Православна Црква (МПЦ), укинување, автокефалија, Македонија, Балкан и др.

Древната Охридска Архиепископија била создадена во времето на Самоиловата држава. Сепак, таа својот црковно – канонски легитимитет на автокефална Црква го добива врз основа на трите хрисовули од византискиот император Василиј II датирани во 1019 и 1020 година. Поставувајќи го градот Охрид за свое единствено седиште, во следните 800 години од своето постоење, сè до укинувањето во 1767 г., таа ќе биде една од највлијателните Цркви во православната екумена. Оваа година бележиме 250 години од нејзиното укинување, воедно и 50 години од прогласувањето на автокефалијата на МПЦ – ОА, што е повод за нашиов кус историјат на Охридската Архиепископија која во многу нешта ги задолжила сите православни народи кои живееле на просторот во нејзината диецеза и пошироко.

Големиот познавач на историјата на Охридската Архиепископија, охриѓанецот Иван Снегаров во предговорот кон вториот том на неговата *История на охридската архиепископия – патриаршия* издадена во Софија во 1932 г. ќе напише: ***Драгоцен плод на величественото дрво, посадено од св. Климент Охридски во Македонија е Охридската архиепископија – патријаршија.*** И навистина, иако нејзините почетоци се повеќе од 50 години по смртта на св. Климент, за цело време од своето постоење, Охридската Архиепископија е ревносен чувар на духовното наследство на Светецот кој го имала за свој духовен покровител и патрон.

Изворите сведочат дека иако создадена во времето на Самоиловата династија, сепак Охридската Архиепископија канонскиот легитимитет го добила во првите години од византиско завладување со Самоиловата држава. Со повелбите на Василиј II мошне прецизно бил уреден нејзиниот автокефален канонски статус. Во нив прецизно биле утврдени диецезата, вклучително правата и обврските на нејзината ерархија. Тоа е периодот кога Охридската Архиепископија го доживеала својот најголем процут во секој поглед.

По освојувањето на Византиската империја од страна на крстоносците (1204), Охридската Архиепископија и понатаму продолжила да егзистира како автокефална црква. Таа го задржала автокефалниот статус во периодот на Епирската држава, потоа во периодот кога најголемиот дел од географска Македонија влегол во границите на Второто бугарско царство, а состојбата останала непроменета и за време на владеењето на самостојниот феудален владетел Стрез.

# КИНОНИЈА

Задржувањето на статусот на автокефална Црква го бележиме и во периодот по возобновувањето на Византија (1261). Тоа е времето кога Охридската Архиепископија не само што ја зачувала својата автокефалија, туку го вратила угледот и влијанието од времето на Василиј II и неговите наследници. Статусот останал непроменет и по српските освојувања на поголемиот дел од Македонија кон крајот на 13. и почетокот на 14. век. Единствено бележиме намалување на нејзината диецеза за сметка на Пеќската Патријаршија.

Разгледувајќи ја неколкувековната историја на Охридската Архиепископија пред доаѓањето на Османлиите на Балканот, бележиме дека границите на нејзината диецезата постојано се менувале и зависеле од политичките прилики во регионот. Низ периодот на средновековието делови од нејзината диецеза биле под власт на различни владетели. Сепак, она што предизвикува внимание е фактот дека нејзиниот канонскиот статус на автокефална Црква никогаш не бил нарушен, ниту оспорен.

Интересен и мошне податлив за научен интерес е османлискиот период од историјата на Охридската Архиепископија. Тоа е периодот на османлиската власт во Македонија и пошироко на Балканот сè до укинувањето на Архиепископијата во 1767 година. Во овој период Архиепископија ја зачувала својата автокефалност; дотолку повеќе што уживала целосен легитимитет кај Високата Порта. Освен тоа, во првите два века под османлиска власт, на охридските архиепископи им биле признаени и дополнителни привилегии од султаните. Иако политички под власта на Османлиската теократска држава, духовната власт над православното население во Македонија, Бугарија, Албанија, Србија и во српските земји (1463 - 1557) била под јурисдикцијата на Охридската Архиепископија. Оттука со полно право констатираме дека Архиепископијата во Охрид е институцијата која е најзаслужна за зачувување на православниот идентитет на словенското население на Балканот.

Веќе кон средината на 16. век ги бележиме првите територијални загуби на Охридската Архиепископија. Тоа е периодот кога по обновата на Пеќската Патријаршија (1557), српскиот патријарх воспоставува јурисдикција над сите српски и неколку епархии во северниот дел на Македонија.

Следниот 17. век е периодот кога поради низа внатрешно - политички прилики во Османлиската империја дошло до осиромашување на многу православни цркви и манастири. Многу храмови биле опустошени и парализирани за извршување



на црковна дејност. Ова бил повод извесен број на архиепископи, епископи, митрополити и архимандрити на Охридската Архиепископија да бараат помош од Царска Русија. Најчесто охридските архиереи и ереи барале парична помош за да ги отплатат долговите во своите диецези.

Тешката материјална положба на православното словенско население под јурисдикција на Охридската Архиепископија дополнително се усложнила кон крајот од 17. и во почетокот на 18. век поради зачестените непринципиелни провокации и политикантството на Вселенската Патријаршија. По долги настојувања да ја прошири својата диецеза над сето словенското православно население во Османлиската империја, Цариградската (Вселенската) Патријаршија во 1767 г. успеала да ја добие наклонетоста на султанот Мустафа III кој неканонски ја укинал Охридската Архиепископија. Притоа, сите нејзини епархии се нашле под јурисдикција на Патријаршијата која започнала со континуирана елинизација на словенското православно население. Ваквата состојба ќе остане сè до формирањето на православната Егзархија до 1870 година.

За време на својата осумвековна историја Охридската Архиепископија изнедрила и голем број архиереи кои со својата дејност во голема мера ја задолжиле православната Црква. Сите тие за свој архетип го имале св. Климент Охридски кој иако живеел во време кога непостоела Архиепископијата, сепак неговиот живот и дело претставувале урнек за сите нив. Неговиот култ е духовниот столб на кој почивала канонската стабилност на Охридската Архиепископија.

Во контекст на угледните охридски архиепископи, најпрво ги вбројуваме двајцата извонредно големи охридски архиереи: Теофилакт Охридски (о.1084 - 1107) и Димитриј Хоматијан (1216 - 1234). Тие меѓу другото нé задолжиле со нивната богословска и хагиографска дејност оставајќи зад себе бројни пишани дела. Во нив содржани се толкувања по многу сложени канонски прашања. Воедно, тие се автори на двете житија на св. Климент и оттука најзаслужни се за воскреснувањето на неговиот култ сред паствата на Охридската Архиепископија. По нив следат Константин Кавасила (о.1250), Макариј Охридски (крај на 13. – поч. на 14 век) и др.

Нема сомнение дека Охридската Архиепископија својот зенит го имала во времето на византиската епоха. Тоа е периодот кога во себе ја обединувала речиси сета територија на византиските владенија на Балканот. Под нејзина јурисдикција било сето словенско, албанско и дел од грчкото православно население на Балканот. Оттука историјата на Охридската Архиепископија не е ексклузивен дел од ничија тесно национална историја. Напротив, таа е можеби една од ретките која во себе ги обединува историите на сите православни балканските народи. Во неа, меѓу другото, се испреплетени политичките и духовните интереси на Самоиловата држава, средновековните Бугарија, Дукља, Епир, Србија, Албанија и се разбира Византија за време на целото нејзино постоење. Во периодот, пак, на османлиското владеење на Балканот, мозаикот на историјата на Охридската Архиепископија го сочинуваат интересите на Константинополската (Вселенската) Патријаршија и Московската Патријаршија кои претендирале на приматот за единствени покровители и заштитници на православното население на Балканот под османлиска власт.

Историјата бележи дека и после еден цел век од нејзиното укинување, традициите и сеќавањето за автокефалната Охридска Архиепископија сред православното словенско население во Македонија, но и пошироко на Балканот, биле мошне силни. За време на преродбата и ослободителното движење во 19. и 20. век нејзиниот автокефален дух ќе биде светлото на чело од колоната борци за автономна и независна Македонија.

Истата констатација важи и за култот на св. Климент Охридски, кој е нераздело поврзан со Охридската Архиепископија и нејзината паства. Се чини дека неговиот култ, со целиот свој историски сјај, повторно воскреснува во времето на Егзархијата, вдахнувајќи плеада интелектуалци од Македонија кои со перо и мастило ја воделе борбата за слобода.

По сите историски премрежја, дури по завршувањето на Втората светска војна и конституирањето на Македонската држава во рамките на југословенската федерација се создале поволни услови за обновување на Охридската Архиепископија. Во новонастанатите услови македонското свештенство покренало иницијатива за создавање на автокефална Православна црква во Македонија. Во март 1945 г., во Скопје бил одржан Првиот македонски црковно – народен собор на кој била донесена Резолуција за обновување на Охридската Архиепископија како Македонска Православна Црква. Меѓутоа, поради политички причини се доцнело со реализирањето на оваа иницијатива. Дури во октомври 1958 г., на Вториот македонски црковно – народен собор, одржан во Охрид, било донесено решение за возобновување на Охридската Архиепископија олицетворена во Македонската Православна Црква (МПЦ). За нејзин прв поглавар, со титула Архиепископ Охридски и Митрополит Македонски, бил избран г.г. Доситеј.

Одлуката за самостојност (автономија) на МПЦ била потврдена со отслужување на заедничка архиерејска литургија со српскиот патријарх Герман, во јули 1959 г., во црквата „Св. Мина“ во Скопје. Во мај 1962 г., во придружба на патријархот Герман и неколку епископи на Српската Православна Црква (СПЦ), во посета на МПЦ дошол патријархот Московски и на цела Русија, Алексиј. Тој бил придружуван од неколку митрополити и ереи на Руската Православна Црква (РПЦ). По тој повод, на празникот на светите Кирил и Методиј, во црквата „Пресвета Богородица – Каменско“ во Охрид, се одржала заедничка архиерејска литургија.

Веќе во 1966 г. односите меѓу МПЦ и СПЦ повторно се влошиле. Причина бил изразито негаторскиот став на најголемиот дел од српскиот епископат кон македонскиот национален идентитет. Тие на Македонија гледале како на историски српски простор од кој не сакале да се откажат. Токму затоа, по новонастанатите недоразбирања со СПЦ, Светиот синод на МПЦ на 17. јули 1967 г. во Охрид го свикал Третиот црковно-народен собор. На свечената седница делегатите на Соборот дале согласност за прогласување на Македонската Православна Црква за автокефална. Чинот на прогласувањето на автокефалноста на МПЦ бил извршен на светата архиерејска литургија, отслужена во црквата „Свети Климент“ во Охрид, на 19. јули 1967 г., точно 200 години по укинувањето на Охридската Архиепископија.

Денес, чекајќи го канонското признавање на својот автокефален статус, МПЦ – ОА во диецезата вбројува 12 епархии. Од нив 4 се надвор од границите на Р. Македонија.

На крајот од овој кус преглед на историјата на Охридската Архиепископија, а по повод 250 години од нејзиното укинување и 50 години од прогласувањето на автокефалијата на нејзината наследничка МПЦ – ОА, завршуваме со зборовите на големиот Иван Снегаров, кои пленат со својата вистинитост: *„Историјата на Охридската црква* (Охридската Архиепископија, м.з.) *е историја на осумвековна духовна независност, би рекол на духовна суверенeст на Македонија“*. Ние единствено би дополниле: *„И заврна дожд и надојдоа реки, и дувнаа ветрови, и навалија на таа куќа, но таа не падна, зошто беше изградена од камен“* (Матеј 7, 25).

# АСНОМСКА МАКЕДОНИЈА И ЦРКОВНОТО ПРАШАЊЕ (1943-1945)



*„...Оваа црква е духовен дом на сите Македонци – православни верници во татковината и надвор од неа, за што впрочем беа длабоко свесни демократските, македонски дејци во рамките на АСНОМ“.*

**проф. д-р Виолета Ачкоска,**
Филозофски факултет - Скопје

Апастракт:

Трудот го опфаќа периодот на конституирањето на современата македонска држава (1943-1945) гледано од аспектот на разрешувањето на црковното прашање. Притоа се тргнува од тезата дека борбата за црковно осамостојување е дел од еманципаторските процеси на Македонците за своја национална слобода и државност. Затоа и покрај комунистичката идеологија на дел од водачите на Македонската народноослободителна борба кои се бореа против религиозноста на населението, беа преземени конкретни чекори за отфрлање на јуриздикцијата на другите цркви во Македонија и возобновување на Охридската Архиепископија.

Клучни зборови: АСНОМ, црковно прашање, Македонска Православна Црква (МПЦ), автокефалност.

Црковното прашање, односно борбата за осамостојување на Македонската Православна Црква, претставува едно од најчуствителните прашања во современата историја на македонскиот народ. Оваа борба е директно поврзана со процесот на национална еманципација на Македонците, со правото на државотворност и посебен македонски идентитет. Може да се каже, дека во светот на Православието, организирано во посебни национални цркви, спорот околу признавањето на автокефалноста на македонската црква и по пола век од нејзиното прогласување (1967 г.) е непосредно поврзан со признавањето на посебноста на македонскиот народ, односно со неговото право на државност. Прашањето, всушност, од црковна добива чисто политичка димензија. Македонската Православна Црква, како еден од столбовите на македонската народносна посебност го чекори трнливиот пат на вековна борба за признавање и за право на живот во семејството на Православието.

Христијанството во Македонија има длабоки корени, бидејќи така е запишано во Библијата. Од Македонија тргнало ширењето на Христовата вера на европскиот континент, кога од светиот апостол Павле во Филипи беше оформена првата христијанска општина на европско тло и беше покрстена македонката Лидија. Христијанството, а подоцна и негова институционализација во ликот на моќната Охридска Архиепископија длабоко се всадени во свеста на македонскиот народ и тоа е дел од неговиот историски идентитет и историско траење. И покрај тоа што во 1767 година, османлиската власт со посебен ферман ја укина оваа црква на Балканот, по речиси цели осум векови од нејзино постоење и дејствување, светите: Павле, Еразмо, Кирил, Методиј, Климент, Наум, Ангеларий и бројни други светители и христијански маченици како Ѓорѓи Кратовски и Злата Мегленска, беа оној жар кој ги грееше срцата и им даваше сила на поколенијата да ги негуваат традициите и да издржат во својата вера и посебност низ вековите обележани со туѓи владенија.



По неуспешното Илинденско востание од 1903 година и трагичните делби на Македонија во 1913-1918, во текот на Втората светска војна (1941-1944) македонскиот народ, на дел од етногеографската територија (т.н. вардарски дел), ќе ја создаде асномска Македонија - Демократска Федерална Македонија (ДФМ), држава со ограничен суверенитет во рамките на југословенската федерација. Една силна специфичност ја одделуваше борбата на македонскиот народ и на неговите раководни сили во текот на антифашистичката Народноослободителна борба (НОБ). Кај нив беа на прв план националните цели – ослободување, обединување и државотворно конституирање, а потоа идеолошките (односно комунизмот). Така и ослободувањето од влијанието на туѓите цркви кои во најголем степен го асимилираа македонскиот народ, стана интегрален дел од сеопштото македонско ослободително дело. За тоа беа свесни голем дел од организаторите на НОБ и покрај нивната комунистичка идеологија.

Почитувајќи ја религиозноста и патријахалното воспитување на огромното мнозинство на народот, од една страна, и силното влијание на македонските свештеници кои застанаа на страната на Народноослободителното движење на својот народ, од друга, Главниот штаб на Народноослободителната војска и Партизанските одреди на Македонија (ГШ на НОВ и ПОМ), уште во текот на војната, на 11 октомври 1943 година, формира Верско поверенство при ГШ на НОВ и ПОМ. На 15 октомври, со наредба на командадантот на ГШ, генерал Михајло Апостолски, е назначен и првиот верски референт, свештеникот Вељо Тасев Манчески од село Броштица - Дебарско. Притоа, сите наредби и решенија кои ги донесува верскиот референт при ГШ на НОВ и ПОМ станале „задолжителни за сите свештеници и црковни општини, како и за манастирите на ослободената територија“ (*Автокефалноста на Македонската православна црква,* документи, ред. Цане Мојаноски, Скопје 2002, док. I, с. 8). Со воспоставувањето на народноослободителната власт престанувале да важат сите закони на дотогашните окупаторски власти. Истовремено се раскинувале сите верски врски со верските установи што се наоѓале надвор од територијата на ослободената македонска земја. Сите свештеници на ослободената територија административно потпаѓалет под власта на ГШ на НОВ и ПОМ. Било утврдено обредите да се одвиваат по правилата на Источно-православната црква. Било забрането споменувањето на епископот Христофор, а се бара споменување на „Православни Архиепископи и Епископи – без име“. Во духот на времето во кое се раѓаше првата современа македонска држава се барало „матичните и други книги да се водат на македонски јазик“, но на ектенијата да се споменува и Народноослободителната војска (*Исто*, док. II, с. 10-11). На овој начин, од едната страна се изкажува почит кон чувствата на верниците, а од друга, воено-политичкото раководство на борбата си обезбедувало посилно влијание и прифаќање сред населението.

Така, во текот на 1943 година на ослободената територија во Дебарца, иако во тешки и несредени услови, заедно со првите никулци на новата македонска држава, функционираат и првите никулци на идната самостојна македонска црква низ работата на Верското поверенство. Со тоа истовремено се отфрлаше и јуриздикцијата на туѓите национални цркви, така што, православното свештенство на слободната територија во Западна Македонија престанало да се потчинува на Албанската Православна Црква (АПЦ) и се нашло под непосредна административна управа на верското поверенство при ГШ на НОВ и ПОМ (Јован Белчовски, *Автокефалноста на Македонската православна црква,* Скопје 1990, с. 138).

Во втората половина на октомври 1943 година во село Издеглавје било одржанано Собрание на кое учествувале 13 свештеници и 25 претставници на селските народоноослободителни одбори. На ова прво свештеничко собрание било избрано архиерејско наместништво за деветте парохии во Македонија (Одделение за документација на ИНИ, „Издеглавје нов Витлеем за време на НОБ“, 11, Сеќавања на Антим Поповски). На овој историски собир македонските свештеници донесле заедничка одлука за отфрлање на јуриздикцијата на туѓите национални цркви на територијата на Македонија. Ваквата одлука е потврда дека црковното осамостојување е дел од национално-ослободителните борби на македонскиот народ, против туѓите власти, поробувачи и асимилатори - на политички, културен, верски или на економски план. Длабоко религиозниот македонски народ, барајќи своја национална слобода и рамноправност го отфрла туѓонационалното и туѓојазично владеење и проповедање во својата македонска црква. Тоа особено ќе дојде до израз во однос на Српската Православна Црква (СПЦ) која најжестоко ќе се спротивствува на овој еманципаторски процес на македонските православни христијани. Всушност СПЦ ќе се покаже како носител на најконзервативниот дел од српската политика насочена кон негирање на посебноста на македонскиот народ.

Со одржувањето на првото заседание на АСНОМ

(2 август 1944 г.) и оформувањето на македонската државност продолжи и процесот на црковното осамостојувањето на Македонците, односно борбата за обновување на Охридската Архиепископија и ослободување од јуриздикцијата на СПЦ. Притоа, во составот на првиот Президиум на АСНОМ, раководен од Методија Андонов - Ченто, се наоѓа и свештеникот Јован Ѓоргов од с. Дреново (Кавадарско).

На седницата на Президиумот на АСНОМ одржана од 2-5 септември 1944 година, меѓу другото, се отворила голема дискусија околу прашањето за веронаука во состав на наставната програма за основните училишта. На крајот бил заземен ставот дека веронауката треба да остане како факултативен предмет во состав на основните училишта („Записник бр. 3 од третото заседание на Президиумот на АСНОМ, одржано од 2-5 септември 1944 година во Св. Отец Прохор Пчински“, *Президиум на АСНОМ, Записници,* ИНИ, Скопје 1994, с. 29). Сите овие чекори воделе кон формирање на посебна национална црква како и кај другите православни цркви. Затоа, не е случајно што во селото Горно Врановци, каде престојувале највисоките македонски државни, воени и партиски органи (август-септември 1944) и каде биле донесени повеќе значајни одлуки од различни области на општествениот живот била донесена и одлуката за формирање на Иницијативен одбор за организирање на црковниот живот во Македонија. Притоа, овој Иницијативен одбор не отстапувал од исконското право на македонски епископи за употребата на македонскиот јазик во црковната администрација и црковните проповеди, наспроти жестокиот отпор на српските свештеници.

Застанувајќи цврсто зад разрешувањето на црковното прашање во интерес на македонскиот народ, Президиумот на АСНОМ ќе коптира уште неколку видни свештеници во своите редови. Така на Осмото заседание (27 октомври 1944) помеѓу дваесет и шесте новокоптирани членови за член на АСНОМ бил избран свештеникот Методија Гогов, а набрзо потоа, на состанокот на Президиумот на АСНОМ, одржан на 3 ноември 1944 година по предлог на Петре Пирузе – Мајски за член на Президиумот бил избран свештеникот Вељо Манчевски (Сеќавања на Кирил Стојановски, Документарно одделение на ИНИ; Нестор Поповски, „Православната црква и народната револуција во Македонија“, *Весник МПЦ,* III/2, Скопје 1962). Во јануари 1945 г., при Президиумот бил коптиран и свештеникот Јован Гелев. Покрај овие видни свештеници, во составот на Иницијативниот одбор за организирање на црковниот живот во Македонија биле и свештениците Спиро Дамевски, Панде Поповски и други.

Непосредно пред ослободувањето на Скопје, под раководство на свештеникот Методија Гогов била формирана Иницијативна група за црковно-административно организирање на црквата во Македонија. Покрај Гогов, во оваа група биле и свештениците Никола Апостолоски и Кирил Стојановски. По ослободувањето на Скопје (13 ноември 1944) овие свештеници ја отвориле Скопската митрополија и дејствувале во нејзините рамки. Иницијативниот одбор го сочинувале десетина свештеници и негова прва важна мерка била препораката за основање на духовни одбори во ослободените македонски градови. За таа цел биле испратени писма до сите намесништва во Македонија. Истовремено било побарано црковните настојателства или одбори во одделните места да изберат свои претставници за претстојниот црковно – народен собир во Скопје.

Меѓу другото, во рамките на Президиумот на АСНОМ, свештеникот Јован Гелев го поставил прашањето за основање на верско поверенство. Со оглед на фактот дека со новите прописи религијата била одделена од државата („религијата е приватна работа“), преовладало мислењето дека македонските свештеници во иднина сами треба да се грижат за верските прашања и за потребите на македонските верници, при што за поважните прашања можеле да се консултираат со Президиумот и да сметаат на неговата подршка („Записник бр. 15 од 15 декември 1944 година во Скопје“, *Президиум на АСНОМ*, ... с. 61-62).

Одборот бил активно вклучен во севкупниот општествен живот на младата држава, а особено внимание посветувал на одбележувањето на различни значајни поводи. Така, на 8 декември 1944 г. бил одбележан денот на свети Климент Охридски. На свечената прослава во Скопје за свети Климент говорел учителот Димитар Поп Ефтимов (*Нова Македонија*, 9 декември 1944, бр. 11). Од своја страна, пак дел од претставниците на државните власти учествувале во прославите на верските празници (Така на пример, на празникот Водици на традиционалното фрлање на крстот во реката Вардар присуствувале претседателот на Президиумот на АСНОМ – Методија Андонов – Ченто и генерал-мајорот Павле Илиќ. (*Нова Македонија,* 12 јануари 1945, бр. 34)). Во овој период свештениците мошне често барале помош за уредување на црковниот живот.

Заедно со изградувањето на државните институции од сите општествени сфери и почетоците





на нивното функционирање, во Скопје, од 4-5 март 1945 година бил одржан и Првиот македонски црковно-народен собор во присуство на 300 делегати. На овој црковно – народен собор беше заклучено: да се обнови Охридската Архиепископија како македонска самостојна црква, и таа да не биде потчинета на ниту една помесна национална православна црква; црквата да има свои народни епископи и народно свештенство за да се запазат карактерните особености на македонскиот народ и тој да биде поблизок до својата родна црква; првиот епископ да ја носи титула „Охридски архиепископ“, а православната црква во Македонија „Св. Климентова Охридска Архиепископија“(*Автокефалноста на Македонската православна црква,* ..., док. III, с. 17).

На соборот бил избран и нов Иницијативен одбор за организирање на православна црква во ДФ Македонија. Овој собор претставувал вонредна црковно-патриотска манифестација, а барањето за автокефалност било прокламирано како природно право, за чие остварување конечно се создадени услови по извоерената национална слобода и конституираната државност (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/ЦК СКМ, к-142, а.е. 5, Информација за текот низ кој мина решавањето на прашањето на Македонската Православна Црква и за односите помеѓу Српската Православна Црква и Македонската Православна Црква, 20.09.1967).

На заклучоците на Црковно – народниот собор од 4 март 1945, остро реагирал, пред сè, Светиот синод на СПЦ кој, меѓу другото заклучил дека „не може да се признае никаква самостојна и независна црква во федерална Македонија која е прогласена спротивно на волјата на согласноста на Мајката Црква и канонската ерархија во тие краишта“ (Одлука на Синодот на СПЦ, бр. 1279 и Пов. бр. 81 зап. 471 од 22.09.1945). Притоа, СПЦ енергично барала враќање на предвоените архиереи - Срби, на чело со скопскиот мирополит од предвоеното време Јосиф (Гледано историски, СПЦ никако не може да се смета за Мајка Црква во однос на повеќе од четири века постарата автокефална Охридска Архиепископија, која е востановена во IX век, а самостојноста на Српската Православна Црква од Сава Немањиќ дури во 1219 година. Дури и во времето на средновековното српско владеење со Македонија постои автокефалната Охридска Архиепископија. Единствено во периодот 1920-1941 г. македонските епархии биле под доминација на СПЦ. Тој акт беше издејствуван со поткуп даден на Цариградската Патријаршија, а потоа со декрет на кралот македонските епархии припоени кон СПЦ).

Опстојувајќи на усвоените уставни принципи за полна национална рамноправност, властите ја помагале црковната еманципација на македонскиот народ. Но, истовремено, се појавиле и настојувања за формирање на Југословенска Православна Црква, кое не се реализира пред се заради отпорите на СПЦ (ДАРМ, ф: ЦК КПМ/ЦК СКМ, к-142, а.е. 5, Информација за текот низ кој мина решавањето на прашањето на Македонската Православна Црква и за односите помеѓу Српската Православна Црква и Македонската Православна Црква, 20.09.1967), но и заради едноставниот факт што не се успеа во создавањето на интегрално југословенство сè до распадот на југословенската федерација.

Во текот на мај 1945 година Министерството за внатрешни работи на ДФМ известува дека српските црковни кругови и владиката Јосиф, кој сè уште се титулирал како скопски митрополит и администратор на Охридско-битолската епархија, во текот на пролетта 1945 во Македонија испраќаат „свештеници, учители, монахињи и др.“ со „задни намери“. Без да побараат дозвола од македонските власти за населување во Македонија (Различни лица доаѓале нелегално во ДФМ, наспроти донесеното од страна на Президиумот на АСНОМ (21.11.1944), *Решение со кое се дозволува враќање во Федерална Македонија исклучиво на протераните Македонци, било од српските жандари, било од бугарските окупаторски власти.* Истовремено, ова Решение воспоставило „привремена забрана за враќање на југословенските поданици кои живееле во Македонија до 1941 година“. (*Зборник на документи АСНОМ 1944-1964* ИНИ, Скопје 1964, док. бр. 136, с.485)), ваквите лица „ширеле штетна дејност“ и пропаганда против АСНОМ и македоската власт и имале за цел „да сеат великобугарски, великосрпски и тн. тенденции...“. Владиката Јосиф, на повеќе наврати, испраќал во Македонија, разни „сестри“ и попови кои не сакале да го споменат дури ни името на државата (ДФМ). Меѓу другото, овие лица се обидувале да вршат богослужба на српски јазик. Ваквото насилничко однесување на „мисионерите“ на СПЦ наидувало на отпор кај македонскиот народ. Така, кога еден од српските попови сакал да одржи проповед за Недела на Православието во црквата „Свети Димитрија“ во Битола, му било обрнато внимание дека може да зборува само на македонски јазик. По ваквото барање, тој се откажал од проповедта (ДАРМ, ф: Претседателство на Владата на НРМ, к-1, Доклад, Президиумот на АСНОМ, Поверенство на внатрешни работи, пов. бр. 61, до Претседништвото на Министерскиот совет на Македонија, 25.05.1945).

Српските свештеници во извештаите што ги доставувале до српската столица, нагласуваат дека АСНОМ или барем некои членови на АСНОМ ја помагале и се залагале за акцијата на автокефалност на македонската црква. Тврдејќи дека барањето за автокефалност не потекнувало од народот, српските свештеници наведуваат дека таа тенденција била со цел да се отстрани влијанието на српската црква над црковниот живот во Македонија и по тој начин „да се осигура и понатака влијанието на бугарската црква...“ (ДАРМ, ф: Претседателство на Владата на НРМ, к-1, Писмо на тројца српски свештеници до „Неговото Високосвештенство, Митрополитот Скопски и Администраторот на епархијата Охридско-битолска, Господинот Јосиф“, Белград, 12.04.1945; ДАРМ, Исто, Доклад..., 25.05.1945). Ваквите тенденциозни пишувања често биле сосема политички, бидејќи автокефалното движење го помагале пред сè свештеници кои припаѓале на НОБ.

Кога се зборува за релацијата АСНОМ и црковното прашање, мора да се нагласат демократските основи врз кои се формира АСНОМ, прогласувајќи рамноправност помеѓу македонските граѓани на етнички и верски план кое е изразено и во *Декларација на АСНОМ за слободите и правата на граѓаните* со која „на секој граѓанин му е загарантирана слободата на вероисповеданието и слободата на совеста“ (*АСНОМ, документи*, ред. Новица Велјановски, АМ, Скопје 1984, том I, кн. 1, с. 157). Оваа демократска, асномска фаза од развојот на современата македонска држава ќе биде видливо прекината по Третото заседание на АСНОМ и изборот на првата Народна влада на Македонија (16 април 1945). Во овие рамки, напоредно со борбата за национална еманципација и против туѓите цркви и свештеници, а за своја македонска црква, течеше и воспоставувањето на догмите на комунистичката идеологија и воведувањето на атеизмот.

Но, и покрај сè, свеста за улогата на Црквата во духовниот идентитет на луѓето, во чувањето на народносната посебност не беше изгубена. Ширејќи ја од едната страна комунистичката идеологија, редуцирана и прилагодена на актуената политичка прагма, властите не ја попречуваа борбата за независност на македонската црква, која борба се водеше во рамките на целокупната еманципација на Македонеците од туѓото духовно и политичко владеење во историјата. Тому затоа, низ многу трнлив пат и борба, конечно, на Третиот македонски црковно-народен собор одржан во Охрид (17 - 19 јули 1967) е донесена одлука за прогласување на автокефалноста на Македонската Православна Црква на чело со Архиепископот Охридски и Македонски г. г. Доситеј (1967-1981). Оваа црква е духовен дом на сите Македонци – православни верници во татковината и надвор од неа, за што впрочем беа длабоко свесни демократските, македонски дејци во рамките на АСНОМ.

# HISTORY OF MOC-OA

According to the sources in the Acts, Saint Paul, Christ's disciple, began spreading Christianity in Macedonia and elsewhere on the Balkan Peninsula towards the mid 1st century AD. He visited this region on two occasions during his journeys through Europe and Asia. He was followed by Timothy and Silas, who remained in Macedonia after his departure. At that time, as a Roman province Macedonia often changed its borders and its ethnic composition. As a result of the Christianization in the first three centuries, the Christians in Macedonia at the beginning of the 4th century already had an organised Church with an established ecclesiastical hierarchy, whose bishops regularly participated at the ecumenical councils.

In the 5th century the Church had several metropolises and dioceses. The metropolises of Thessalonica and Skopje were the most distinguished among them. Several Christian basilicas originate from this period, including the one near the village of Bardovci, in the western outskirts of Skopje.

During the reign of the emperor Justinian I (527-565), who came from the village of Tauresium in the Skopje region, a new town was built near the emperor's birthplace, named Justiniana Prima after him. The Metropolitan of Skopje was appointed an autocephalous Archbishop. Cathellian was the first Archbishop of the Archdiocese Justiniana Prima, at the time the third by honour among the local Orthodox Churches, after Rome and Constantinople. The other archbishops were: Benenat, Paul, John I, Leon and the last one John IX, who in 680-81 took part at the Trullo Council in Constantinople.

The work of the holy Apostle Paul and the holy emperor Justinian I was continued by the holy brothers Methodius and Cyril and their disciples Saints Clement and Nahum of Ohrid. In the second half of the 10th century, within the borders of Samuel's state, the autocephalous Ohrid Archdiocese was established with the rank of patriarchate, on the foundations of Justiniana Prima. After the fall of Samuel's state, the Ohrid Archdiocese was reduced to a lower rank of church hierarchy (archbishopric) and it existed as such for eight centuries, until its abolishment in 1767 by the Turkish sultan Mustapha III, and its dioceses were annexed to the Patriarchate of Constantinople.

From this moment on Macedonian people made all possible efforts to restore the Archdiocese. Its dioceses were under several jurisdictions of the neighbouring Orthodox Churches and this struggle became particularly fierce in the second part of the 19th and the first part of the 20th century. Convenient conditions for restoration of the independence were created not earlier than during World War II (1941-1945). Right before the end of the war, in 1944, in the village of Gorno Vranovci, an Initiative Board for Organisation of the Macedonian Orthodox Church was formed. In March, 1945, in Skopje, a Resolution to restore the Archdiocese of Ohrid as Macedonian Orthodox Church was made at the First Clergy and Laity Assembly. This decision was submitted to the Holy Synod of the Serbian Orthodox Church, since before World War II several dioceses in Macedonia were under the United Orthodox Church of Serbs, Croats and Slovenians, known later as Serbian Orthodox Church. The Synod of the Serbian Orthodox Church did not accept this decision, which resulted in the following actions of the Initiative Board: instead of as an autocephalous, the Board insisted on the Church being recognised as autonomous. This request was also rejected. In 1958, the Second Clergy and Laity Assembly was held in Ohrid and the proposal for restoration of the Ohrid Archdiocese of Saint Clement as a Macedonian Orthodox Church was accepted and Dositheus was appointed the first archbishop.

The Holy Synod of the Serbian Orthodox Church agreed with the decisions of the Macedonian Clergy and Laity Assembly in the resolution AS. No 47/1959 and 6/1959, minutes 57 of June 17/4, 1959.

As a sign of agreement, a Liturgy was concelebrated with the Serbian Patriarch German, on July 19, 1959, in Skopje, in the church of Saint Menas. At the same time, Clement was ordained the bishop of Prespa and Bitola. This meant that the Holy Synod of the Serbian Orthodox Church gave autonomy to the Macedonian Orthodox Church, which remained in canonical unity with the Serbian Church under their Patriarch. Few days later, in the church of St. Nicholas in Štip, H.E. Nahum was ordained the bishop of the diocese of Zletovo and Strumica. The Holy Synod of the Macedonian Orthodox Church was established together with other administrative bodies in the Archdiocese and the dioceses in conformity with the Constitution of the Macedonian Orthodox Church. In May, 1962, accompanied by Patriarch German and other representatives of the Serbian Orthodox Church, Patriarch Alexis of Moscow visited the Macedonian Orthodox Church. Among them were Metropolitan Nicodemus, Bishop Pimen and other dignitaries of the Russian Orthodox Church. On the feast of Saints Methodius and Cyril, in the church of the Holy Mother of God Kamenska, in Ohrid, Patriarch Alexis of Moscow, Patriarch German and the Macedonian Metropolitan Dositheus concelebrated Holy Liturgy. It was the first Holy Liturgy to be concelebrated by the head of the Macedonian Orthodox Church with heads of other autocephalous Orthodox Churches.

In 1966 the relations with the Serbian Church got worse again. Due to the conflicts and misunderstandings, the Holy Synod of the Macedonian Orthodox Church summoned the Third Clergy and Laity Assembly on July 17, 1967, in Ohrid. At the formal session in the Ohrid church of St. Clement, the Holy Synod proclaimed the Macedonian Orthodox Church as AUTOCEPHALOUS. The act of proclamation was made by the Holy Synod of the Macedonian Orthodox Church during the Holy Liturgy celebrated in the church of St. Clement of Ohrid on July 19, 1967, or exactly on the second centennial after it had been banned by the Ottoman authorities.

The jurisdiction of the Macedonian Orthodox Church spreads not only throughout Macedonia, but also in the church communities abroad.
According to Article 17 from the Proclamation of Autocephaly, the Macedonian Orthodox Church as an administrative part of the One, Holy, Catholic and Apostolic Church is to observe the Holy Scriptures and the Holy tradition, the Canons of the Apostles and the decrees of the ecumenical councils and is to follow them and the Constitution of the Macedonian Orthodox Church.
Praying humbly for the other ones, the Macedonian Orthodox Church will always rely on the prayers, blessings and assistance of the elder sibling holy local Orthodox Churches.

# ЗА АВТОКЕФАЛНОСТА НА МПЦ - ОА



*„Македонската Православна Црква - наследница на обновената Охридска Архиепископија - се ПРОГЛАСУВА АВТОКЕФАЛНА“.*

**вонр. проф. д-р Дејан Борисов, ѓакон**
Православен Богословски факултет - Скопје

Апстракт:

Во првите векови Црквата го усвојува административното уредување на Римската империја како сопствен модел на епархиска администрација. Поместувањето и промените на дијацезантските граници, како и на меѓудржавните граници било следено и од страна на црковните административни поделби. На територија на една држава можело да има само една административно независна (автокефална) црква во рамките на таа држава, исклучок од ова правило се Јустинијана Прима и Охридската Архиепископија. Непостоењето на независна помесна црква во рамките на една држава во средновековието означувало нејзина духовна потчинетост на државата на која што нејзината црква е јурисдикциски потчинета, односно ако помесната црква не е независна, тогаш и државата не е независна, а со тоа и политички непризната од страна на останатите држави. Оттука произлегува тенденцијата секоја новосоздадена држава да има и своја независна црква. Овој принцип кулминира во XIX и XX век кога се создаваат поголем дел од денешните помесни православни цркви. Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија на својот пат кон црква со независен (автокефален) статус доследно ги следи условите, правилата и традициите воспоставени и утврдени на страна на останатите независни помесни православни цркви.

Клучни зборови: Автокефалност, црковен сепаратизам, помесни православни цркви.

## Што претставува автокефалноста?

Автокефалноста претставува територијално-административна јурисдикциска независност на една помесна православна црква од друга помесна православна црква, а оваа независност најдиректно се манифестира во слободниот избор и поставување на нејзиниот поглавар од страна на епископите на таа црква.

## Што подразбира автокефалноста?

Покрај изборот на сопствениот поглавар, автокефалност подразбира и дека клирот на таа црква го има сочувано апостолското преемство, како и дека има целосна црковна јуриздикција во рамки на територијата на која се протега, со сите права и должности што произлегуваат од тоа, односно самостојно и независно го уредува и управува црковниот живот на територијата што е под нејзина црковна јурисдикција.

## Кој има право да даде автокефалност?

Во апостолско време помесните цркви немале потреба од тоа да докажуваат дека се самостојни, нивната самостојност била гарантирана со авторитетот на нивниот основач. Но, по Миланскиот едикт во животот на Црквата сè позабележителен станува човечкиот фактор, мешањето на римските







владетели во црковните работи, како и желбата за власт и доминација кај некои од епископите, а сето ова имало негативно влијание на административното управување и црковниот живот, а со самото тоа и на Црквата. Како последица од ова, Црквата, на неколку собори носела канони со цел епископите да не ги преминуваат сопствените епархиски граници и нивните овластувања. Но, исто така, таа го прифатила принципот: да ги менува своите административно јурисдикциски граници согласно политичките и административните промени во светот, што, пак, довело до укинување на некои од постоечките помесни цркви, но и до создавање на нови, кои до тогаш не постоеле.

Исправена пред овој предизвик Црквата определила три инстанции кои можат да доделат автокефалност:

1. Вселенски собор;
2. Волјата на епископатот (Помесен собор) на постојна автокефална помесна црква и,
3. Во посебни случаи, дел од епископатот на одредена автокефална помесна црква без согласност на целиот епископат од истата црква може да прогласи автокефален статус:

а) доколку централната власт од помесната црква од која се оддeлуваат епископите е во ерес и,

б) доколку делот од црквата што се одвојува е целосно отцепен (територијално, политички) од Црквата-мајка или доколку централната црковна власт нема власт (37. канон од Шестиот вселенски собор).

Во последниов случај се работи за прогласување на *времена автокефалност* која за да стане целосна мора да биде прифатена и потврдена и од страна на Црквата-мајка.

Ниту една автокефална помесна православна црква нема право да додели автокефален статус на дел од друга автокефална помесна црква, во спротивно тоа се против на востановеното уредување и традиција на Црквата и истото претставува директно мешање во јуриздикцијата на другата црква и нејзиниот внатрешен живот.

Световните авторитети: императори, кралеви, цареви, војсководци, претседатели, влади и други, често пати се обидувале да се мешаат во црковното уредување и лично да прогласат автокефалност на Црквата на територите под нивна власт, но ваквиот однос на владетелите Црквата го санкционирала уште со 12. правило од Четвртиот вселенски собор, кое световните авторитети не секогаш и го почитувале.

## Кои се условите за добивање на автокефалност?

Основен услов одреден дел од Црквата да има автокефален статус е неговата способност да води

самостоен живот, односно внатрешна можност да постои независно од друга црковна власт. Покрај ова потребен е и висок клир – епископи кои треба да го имаат апостолското преемство, односно нивното ракополагање да биде легално и легитимно и извршено од страна на епископи од црквата под чија јурисдикција биле до тогаш. Согласно 1. апостолско правило нивниот број не може да биде помал од двајца.

Автокефалноста, која во суштина претставува административно отцепување на дел од христијаните од нивната дотогаш помесна православна црква, има за цел подобрување на нивниот црковен живот, па поради ова, Црквата, следствувајќи ѝ на Божјата икономија, истото и го дозволува.

Автокефалноста што една помесна православна црква може да ја има во даден историски миг не значи дека истата не може и да ја изгуби доколку се изменат некои од параметрите што довеле до добивањето на таа автокефалност, но ова, исто така, не значи дека изгубената автокефалност не може повторно да се добие.

## Колку помесни православни цркви има и кога и како ја добиле својата автокефалност?

Низ црковната историја како најчеста причина за прогласување на автокефален статус на нови автокефални помесни цркви биле и сè уште се територијалните и административните промени. Овие промени, особено во текот на XIX и XX век се поврзани со појавата на таканаречените национални држави, што јасно се гледа и од имињата на новите помесни православни цркви создадени во посочениов период. Во општиот менталитет на времето се препородува римската (византиска) идеја за потребата од сопствена црква, како услов за создавање и општо признавање на државата.

Денес во светот постојат 14 (15) општо признати автокефални православни помесни цркви:

-Константинополска Патријаршија: Според црковната традиција основач на оваа црква е светиот апостол Андреј. Сепак, историски факт е дека епископот на Бизант сè до префрлањето на престолнината на Римската империја од Рим во новата престолнина Константинопол, во 330 година, бил под јурисдикција на Хераклејскиот епископ (денес во областа Мармара, во Турција), а со 3. Канон од Вториот вселенски собор (381 година) Константинопол е издигнат втор по чест меѓу епископите. Сè до овој вселенски собор епископите на Константинопол биле поставувани од Антиохија;

- Александриска Патријаршија: Според црковната традиција оваа црква е основана од страна на светиот апостол Марко во 40/41 година;

- Антиохиска патријаршија: За основач на оваа црква се смета светиот апостол Петар во 37 година;

- Ерусалимска патријаршија: Основана од страна на апостол Јаков брат Господен во 37/38 година. По Римско-јудејските војни Ерусалим потпаднал под јуриздикцијата на Кесарија Палестинска (Антиохиска јуриздикција). На Првиот вселенски собор Ерусалимската црква добила ранг на митрополија, а



на Четвртиот вселенски собор станала и патријархат преку ставање под нејзина јурисдикција на четири дијацези земени од Антиохиската патријаршија;

- Руска Православна Црква: Почетоците на оваа црква се од 988 и се поврзани со прифаќањето на христијанството од страна на кнез Владимир. Во периодот од 990 до 1037 година Охридската Архиепископија ги ракополагала нејзините епископи, а потоа до 1448 (1453) година Константинополската Патријаршија. Во 1448 (1453) самата прогласила автокефалност, а истата ѝ била признаена од страна на Константинополската Патријаршија во 1589 година;

- Грузиска Православна Црква: Почетоците на оваа црква потекнуваат од античкото Кралство Иберија каде Христијанството станало државна религија уште во 337 година. Сè до 467 година таа била под јурисдикција на Антиохија, кога кралот Вахтанг Горгаслан ја прогласил за автокефална, но и покрај ова сè до средината на VIII век Антиохија ги потврдувала нејзините поглавари. Во 1811 година руската власт ја укинала и ја потчинила на Руската Православна Црква. Оваа состојба останала до 12 март 1917 година кога грузискиот клир еднострано прогласил автокефален статус на нивната црква што од страна на Руската Православна Црква било прифатено дури во 1943 година, а Константинополската Патријаршија ова го направила дури на 3 март 1990;

- Српска Православна Црква: Историски Српската Православна Црква (Пеќска Патријаршија) потврдена е како независна во 1219 година од страна на Никејскиот патријарх, наместо од страна на Охридската Архиепископија од која се отцепила. На 16 април 1346 година на црковно-народен собор во Скопје била издигната во патријаршиско достоинство; по смртта на патријархот Арсеније II во 1463 de facto престанувала да постои (не бил избран нов патријарх), а нејзините епархии потпаѓаат под Константинополска јуриздикција. Била обновена во 1557 година со помош на турската власт, но во 1766 година била и укината од страна на турската власт. Нејзината обнова се случува кога во 1879 година Србија е признаена за независна држава (Белградската митрополија станува автокефална), а завршува во 1920 година по создавањето на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (1918);

- Романска Православна Црква: Во 1859 година создадена е современата романска држава. Со државната одлука од 1865/66 година и законот од 1872 година, романската држава ја прогласила новоформираната Романска Православна Црква за автокефална. Константинополската Патријаршија оваа одлука ја прифатила во 1885 година, а во 1925 година Романската Православна Црква била издигната на ранг на патријаршија;

- Бугарска Православна Црква: Нејзиното создавање е поврзано со издавањето на султанскиот ферман од 1870 година и црковно-народниот собор одржан во Истанбул во 1872 година, по што на Помесниот собор во Константинопол во 1872 година била обвинета за етнофилетизам и прогласена за шизматичка црква. Автокефалноста ѝ била признаена од страна на Константинополскиот патријарх Венјамин на 13

март 1945 година. Во 1953 година добила патријаршиско достоинство, а Константинополската Патријаршија ова го прифатила дури во 1961 година;

- Кипарска Архиепископија: Основана е во 45 година од страна на апостол Варнава;
- Грчка Православна Црква: Основана и прогласена за автокефална на 23 јули 1833 година од страна на грчката власт. Нејзината автокефалност ја прифатил Константинополскиот патријарх Антим во 1850 година. По Балканските војни административната јуриздикција на оваа црква е проширена за сметка на македонските епархии освоени од страна на грчката држава, но истите сè уште се под јуриздикција на Константинополската Патријаршија, но по 1928 година времено се дадени со нив да управува Грчката црква;
- Албанска Православна Црква: Оваа црква е создадена на Црковно-народниот собор одржан во Берат во 1922 година кој воедно прогласил и нејзина автокефалност, а истата била признаена од страна на Константинополската Патријаршија на 12 април 1937 година;
- Полска Православна Црква: По Првата световна војна е формирана современата полска држава, а нејзините авторитети, наместо од Руската Православна Црква, под чија јурисдикција до тогаш биле епархиите што станале дел од новата држава, побарале автокефалност од Константинополската Патријаршија и истата ја добиле на 13 ноември 1924 година. Реагирајќи на неканонската постапка на Константинополската Патријаршија, Руската Православна Црква оваа автокефалност ја прогласува за ништовна и издала сопствен Томос со кој се признава автокефалноста на Полската Православна Црква;
- Чехословачка Православна Црква: По Првата световна војна во новосоздадената држава Чехословачка дел од населението со римокатоличка вероисповед одлучува да стане православно. Поради ова, во 1921 година Српската Православна Црква го поставила свештеникот Матеј Павлик за епископ во Чехословачка. Во 1923 година Константинополската Патријаршија на оваа црква ѝ доделила автономија, а во 1930 година Српската Православна Црква поставила епископ во Транскарпатија. По Втората световна војна, во 1946 година, скоро и да не постои клер на оваа црква (биле убиени од страна на Нацистите), а православното население ја признало јуриздикцијата на Руската Православна Црква која на 9 декември 1951 година ѝ доделила автокефален статус







на Чехословачката Православна Црква. Ова не било признато од страна на Константинополската Патријаршија, па и таа на 8 септември 1998 година издала Томос со кој на Чехословачката Православна Црква ѝ се признава автокефален статус;
- Американска Православна Црква: Почетоците на оваа црква датираат од 1794 година и се поврзани со мисионерската работа на Валаамскиот манастир, Руска Православна Црква. На почетокот од XX век оваа црква се поделила на два дела. Едниот ја признавал јурисдикцијата на Руската Православна Црква, а вториот барал независност. На 22 ноември 1933 година Руската Православна Црква ѝ доделила ранг на Егзархат на Православната црква во Америка што ја признавала нејзината јурисдикција, а втората, во 1937 самата прогласила автономија. Во 1946 година на соборот во Кливленд, делот кој не ја признавал јуриздикцијата на Руската Православна Црква побарал соединување со неа, под услов да ја задржи прогласената автономијата. Но, преговорите не вродиле со плод. Конечно во март 1970 година се случило помирување меѓу овие цркви од Соединетите Американски Држави и Руската Православна Црква, која воедно им признала и автокефалност. Автокефалноста на Православната црква во Америка не е признаена од страна на Константинополската, Александриската, Антиохиската и Ерусалимската Патријаршија, како и од страна на Грчката Архиепископија. За разлика од овие, покрај Руската Православна Црква, автокефалноста на Православната црква во Америка ја признаваат и Бугарската, Грузиската, Полската и Чехословачката црква.

## Автокефалноста на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија

Следејќи ги делата на новосоздадените помесни православни цркви, од нив утврдената практика, како и начинот на добивање на нивниот автокефален статус во текот на XIX и XX век, а воедно исполнувајќи ги канонски правила, Македонците по Втората световна војна во сопствената држава на 4-5 март 1945 година го свикуваат Првиот македонски црковно-народен собор на кој присуствуваат 300 делегати. Овој собор донел *Резолуција* со која се обновува Охридската Архиепископија како *Светиклиментова Охридска Архиепископија,* а нејзиниот поглавар ќе титулира: Архиепископ Охридски. Одлуките од овој Собор биле испратени до Српската

Православна Црква, но истите биле отфрлени, иако Српската Православна Црква повеќе немала реална контрола над епархиите во новосоздадената македонска држава.

Во 1946 година барањето на Македонците за признавање на автокефален статус на Светиклиментовата Охридска Архиепископија било преиначено во барање за признавање на автономен статус.

Во 1950 година за патријарх на Српската Православна Црква бил избран Викентиј, а Македонците се согласиле да ја признаат јуриздикцијата на Српската Православна Црква доколку:

а) добијат двајца епископи: господин Доситеј Топлички и прота Тома Димовски (да биде ракоположен за епископ);

б) македонскиот јазик се употребува во сета црковна администрација и книговодство на територија на Македонија;

в) низ епархиите да бидат поставувани само клирици од Македонија.

Во 1951 година, со дозвола новиот српски патријарх, епископот Топлички Доситеј ја посетил Македонија, а во 1954 година Архиерејскиот собор на Српската Патријаршија дал согласност за избор на епископи за македонските епархии, но наместо двајца бил избран само епископот Топлички Доситеј. Во 1956 година српскиот патријарх бил прифатен за администратор на тогашните македонски епархии: Скопска, Охридско-битолска и Злетовско-струмичка, а на 27 мај 1957 година е добиена и согласност од Архијерејскиот собор за позитивно решавање на црковното прашање во Македонија, односно хиротонија на македонски епископи. Ова било потврдено и во 1958 година од страна на српскиот патријарх Викентие, епископот Нишки Јован и епископот Браничевски Хризостом за време на нивната посета на Македонија. По нивното заминување од Македонија, на 10 мај 1958 година бил одржан Архијерејски собор на Српската Православна Црква кој донел одлука дека сѐ уште ги сметаат за валидни нивните позиции од пред војната.

Како одговор на ова, како и на повеќе од едно деценискотo залажување дека позитивно ќе биде одговорено на македонското барање за автономно/автокефално уредување на Охридската Архиепископија обновена на територија на



новосоздадената држава Народна Република Македонија, на 4-6 октомври 1958 година бил свикан Втор црковно-народен собор. На овој собор била обновена Охридската Архиепископија под името *Македонска Православна Црква*, а нејзиниот поглавар се титулира: *Архиепископ Охридски и Скопски и митрополит Македонски*; на територија на Федеративна Народна Република Југославија се признава српскиот патријарх за врховен црковен поглавар; за прв поглавар бил избран епископот Топлички Доситеј, за епископ Злетовско-струмички Тома Димовски (Наум), а за Охридско-битолски Никола Трајковски (Климент); бил донесен Уставот на црквата.

За одлуките од овој Собор бил известен патријархот Герман, а свиканиот Архиерејски собор на Српската Православна Црква, на седницата одржана на 24 јуни 1959 година, одлучил (Одлука бр. 47/1959 и 6/1959 запис 57) дека „епархиите: Скопска, Охридско-битолска и Злетовско-струмичка, на црковно-народниот собор одржан на 4-6 октомври 1958 година во Охрид се издвоиле во самостојна Македонска Православна Црква која се управува по Уставот донесен од тој собор, а останува и понатаму во канонско единство со Српската Православна Црква преку нејзиниот поглавар".

Со оваа Одлука Архиерејскиот собор ја прифатил обновата на Охридската Архиепископија како самостојна Македонска Православна Црква, а според нејзиниот Устав, како и според Одлуката на Архиерејскиот собор, никаде не се предвидуваат посебни права или обврски на органите на Српската Православна Црква, а прифатено е Синодот на Македонската Православна Црква, согласно нејзиниот Устав да биде прва и последна судска



инстанца за сите црковни проблеми во нејзините епархии.

Во 1959 година српскиот патријарх Герман, епископот Бачки Никанор и епископот Банатски Висарион, заедно со Охридскиот архиепископ Доситеј во Скопје, во црквата „Свети Мина" на 10 јули го хиротонисале Климент (Никола Трајковски) за епископ Охридско-битолски, а на 26 јули, во Штип, во црквата „Свети Никола" го хиротонисале Наум (Тома Димовски) за епископ Злетовско-струмички.

Српскиот патријарх Герман во 1959 година за настаните со писмо го известил и Константинополскиот патријарх Атинагора (Синодски број. 515/31 мај 1959) во кое му објаснил дека по Втората световна војна на Македонија ѝ била признаена само националност и автономно републичко уредување, а на барање од клирот и верниците, во 1959 година и црковна автономија. Во 1962 година, на 25 мај во црквата „Света Богородица", Каменско, Охрид, сослужувале Рускиот патријарх Алексеј, Српскиот патријарх Герман и Охридскиот архиепископ Доситеј.

Следејќи го развојот на настаните се чини дека со ова било решено прашањето за самостојноста на Македонската Православна Црква, но не било така. Во 1966 година Архиерејскиот собор на Српската Православна Црква ја ревидирал својата Одлука од 24 јуни 1959 година за признавање на самостојност на Македонската Православна Црква доделувајќи си право без согласност на нивниот Синод да не може да бидат вршени измени во Уставот на Македонската Православна Црква. Како реакција на ова Светиот Синод на Македонската Православна Црква испратил писмо (Синод. Број 226/5 јули 1966) со барање за признавање на автокефален статус. Како одговор биле добиени закани за поведување на санкции против епископите на Македонската Православна Црква. По ова на 17 јули 1967 година бил одржан Трет црковно-народен собор кој дал согласност за прогласување на автокефалност, а на 18 јули 1967 година Светиот Синод на Македонската Православна Црква донел Одлука за прогласување на автокефалност.

О Д Л У К А
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ АВТОКЕФАЛНОСТ НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

ЧЛЕН 1.

Македонската Православна Црква - наследница на обновената Охридска Архиепископија - се ПРОГЛАСУВА АВТОКЕФАЛНА.

ЧЛЕН 2.

На чело на автокефалната Македонска Православна Црква е АРХИЕПИСКОП со достоинство „АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ".
Досегашниот поглавар на Македонската Православна Црква, сега поглавар на автокефалната Македонска Православна Црква, Неговото Блаженство Господин Доситеј ќе се именува со достоинство „АРХИЕПИСКОП ОХРИДСКИ И МАКЕДОНСКИ".

ЧЛЕН 3.

Дијацезата на автокефалната Македонска Православна Црква се поклопува со границите на македонската национална држава - Социјалистичка Република Македонија.

ЧЛЕН 4.

Автокефалната Македонска Православна Црква, како дел на едната, света, соборна и апостолска Црква, ги прима и го чува Светото писмо, прописите на сите вселенски и помесни собори, како што го чуваат и другите автокефални православни цркви и отфрла секое друговерно учење.

ЧЛЕН 5.

Автокефалната Македонска Православна Црква се управува согласно со Светото писмо, Светото предание, Апостолските правила, канoните на светите Вселенски и Помесни собори и Уставот на Македонската Православна Црква.

ЧЛЕН 6.

Препис од оваа одлука да се достави до сите автокефални православни цркви, како и до сите епархии и црковни општини на автокефалната Македонска Православна Црква.

ЧЛЕН 7.

Објавувањето на оваа Одлука да стане пред Црковно-народниот собор на Македонската Православна Црква, свештенството и благочестивите христијани на Св. Архиерејска литургија во црквата св. Климент Охридски во Охрид.

ЧЛЕН 8.

Оваа одлука стапува во сила веднаш по донесувањето.

Со писмо од 31 август 1967 Светиот Синод на Македонската Православна Црква го запознал Архиерејскиот собор на Српската Патријаршија со својата одлука, но како одговор на ова, на вонредна седница одржана на 14-15 септември 1967 година Архиерејскиот собор на Српската Православна Црква ги прогласил епископите на Македонската Православна Црква за расколничка организација свесно заборавајќи дека доколку епископите на Македонската Православна Црква се расколници, тогаш и македонскиот народ е расколнички, бидејќи одлуката за прогласување автокефалност прво е разгледана и поддржана на Црковно-народниот собор од 17 јули 1967 година.

Автокефалноста на Македонската Православна Црква сè уште не е прифатена од страна на Српската Православна Црква, иако сите услови за признавање на нејзиниот автокефален статус се исполнети пред повеќе од 50 години.





# КИНОНИЈА

## ЛИТУРГИСКО БОГОСЛОВИЕ

## СВЕТА ТАЈНА ЕВХАРИСТИЈА

**Павле Гумеров,**
свештеник



# СВЕТА ТАЈНА ЕВХАРИСТИЈА

*Оваа света тајна, поради својата неизмерна важност ја сочинува суштината на најглавното христијанско црковно богослужење, светата Литургија*

**Павле Гумеров,**
свештеник

Светата тајна причестување или Евхаристија е всушност света Литургија која се врши во Црквата како тајна на Христос и на Неговата Црква. На светата Литургија има причестување. Причестувањето е света тајна во која христијанинот во вид на леб и вино го прима самото тело и крв на Господа Исуса Христа, се соединува со Него, добива простување на гревовите и залог на вечниот живот.

Оваа света тајна ја востановил самиот Спасител на Тајната Вечера. Зел леб, го благословил, го прекршил и им го дал на своите ученици, велејќи: „Земете, јадете, ова е телото Мое, кое се крши за вас“. Потоа ја зел чаша, му заблагодарил на Бога и им ја дал, велејќи: „Пијте сите од неа, зашто е ова Мојата крв на Новиот завет, која се пролива за мнозина, за простување на гревовите“.

Оваа света тајна поради својата неизмерна важност, ја сочинува суштината на најглавниото христијанско црковно богослужење, светата Литургија. На неа принесените леб и вино со призивот (епиклеза) и со дејството на Светиот Дух се осветуваат и се претвораат во телото и во крвта на Господа Христа, со кои потоа се причестува верниот народ и така се соединува со Христос Бог. Затоа светата Литургија како заедница на Бога и Неговиот народ, всушност е срцето на самата Црква.

Кон светата тајна Евхаристија може да пристапи секој христијанин: од бебе до старец. Зашто во неа човечкото суштество се соединува со самиот Спасител. Соединет со Него, човекот живее со Него и со Неговиот вечен живот. Според зборовите на Спасителот: „Кој јаде од Моето тело и пие од Мојата крв, ќе биде во Мене и Јас во него. Кој го јаде Моето тело и ја пие Мојата крв, има живот вечен и Јас ќе го воскреснам во последниот ден“. Имајќи го предвид светото причестување, Спасителот себеси се нарекува: „лебот Божји, Кој слегува од небото и му дава живот на светот“, лебот на животот од кој никогаш не се огладнува, лебот Небесен, кој на причесникот му дава бесмертност и живот вечен.

Бидејќи во светата тајна Евхаристија причесникот ги прима телото и крвта на Спасителот, неопходно е потребно причесникот да се подготви за оваа света тајна. Подготовката се врши со пост и со молитва, бидејќи постот и молитвата ја очистуваат нашата душа од секаков грев и нечистотија. При тоа човекот е должен да се испита себеси и со покајание да ја исчисти својата совест од гревовите. Само така подготвен човекот може достојно да се причести. Ако пристапи неподготвен на светото



причестување, човекот врз себе навлекува страшна осуда. За тоа зборува апостолот Павле: „Но секој човек да се испита себе и потоа да јаде од овој леб и да пие од оваа чаша; зашто оној што недостојно јаде и пие, тој го јаде и пие своето осудување, бидејќи не го разликува телото Господово“.

Поради бескрајната важност што ја има светото причестување за христијаните, во првите времиња на христијанството, христијаните се причестувале на секоја Литургија, а подоцна тоа го правеле поретко, зашто почнале себеси да се сметаат за недостојни често да пристапуваат кон толку големата тајна. Црквата одредила побожните и ревносните христијани да се причестуваат повеќепати годишно. Оние што не се членови на Православната црква (некрстените, еретиците, секташите) не можат да се причестуваат.






# КИНОНИЈА

## НЕОП-ХОДНО-СТА ОД ПРИЧЕС-ТУВАЊЕТО

Оној што не се причестува со Светите тајни себеси се лишува од изворот на животот – Христос, се става надвор од Него. И обратно, оние православните христијани што со стравопочит и со соодветна подготовка редовно пристапуваат кон светата тајна Евхаристија, според зборовите Господови: „живеат во Него“. Ние во причестувањето, кое ги оживотворува, ги одухотворува нашата душа и нашето тело, како во ниедна друга света тајна се соединуваме со самиот Христос.

Еве што вели светиот праведен Јован Кронштатски во поуките за празникот Сретение Господово, кога Црквата се сеќава како старецот Симеон во Ерусалимскиот храм го примил на своите раце четириесетдневниот Младенец Христос: „Не сме љубоморни на тебе, старецу праведен! Ние самите ја имаме твојата среќа да го подигнме Божествениот Исус не само на рацете, туку и со устите и со срцата, како што и ти секогаш си го носел Него в срце, уште пред да го видиш, очекувајќи Го – и не само еднаш, не десетпати, туку колку сакаме. Кој не би сфатил, возљубени браќа, дека зборувам за причестувањето со Тајните на Телото и Крвта Христови? Да, ние имаме поголема среќа отколку свети Симеон; може да се каже дека праведниот старец го зел во својата прегратка Животодавецот Исус, како предзнак дека подоцна верувајќи во Христа во сите денови до крајот на векот ќе Го прима и ќе Го носи Него не само на рацете, туку и во своето срце“.

Ете поради што светата тајна Евхаристија постојано треба да биде присутна во животот на православниот човек, бидејќи ние овде на земјата треба да се соединиме со Бога, Христос треба да влезе во нашата душа и во нашето срце.Оној човек што во овоземниот живот бара соединување со Бога може да се надева дека ќе биде со Него и во вечноста.

КИНОНИЈА

ЖИТИЈА

# СВЕТИТЕЛОТ НА НАШЕТО ВРЕМЕ

**г. Наум,**
митрополит Струмички



*„Ние што го познававме, уште во тоа време го почитувавме како светител; и никакви додатни докази и потврди од никој друг за тој факт не ни се потребни“.*



**г. Наум**
митрополит Струмички

# СВЕТИТЕЛОТ НА НАШЕТО ВРЕМЕ



Отец Гаврил од Лесновскиот манастир беше голема утеха за малубројните вистински христијански заедници (христијани со свој духовен отец, со правило за духовен подвиг, кои редовно се исповедаа и се причестуваа), кои во негово време (1971 – 1990), во Р. Македонија беа распрснати како мали оази на спас во пустината на атеизмот и христијанскиот номинализам. Гледајќи од денешна перспектива – после четврт век од неговото блажено упокојување, ако продолжиме да живееме како во последно време – политички и национално поделени, а без покајание, истото нè чека сите заедно и во иднина, само во друга околина. Фала на Бог за сè!

Бог во секое време им испраќа на Своите луѓе утеха, како што и нам ни беше отец Гаврил во тоа време. Секое време си носи свои потешкотии при исполнувањето на Христовите заповеди и при ширењето на словото на вистината, но и свои олеснувања. Не би навлегувал во споредба на тогашните и сегашните услови, но едно е сигурно – Преданието на вистинската вера и на вистинските дела е едно и исто, и тогаш и сега. Ова двоедно Предание, на лично-соборно ниво, се сведува на умно-срдечната молитва – „Господи Исусе Христе, помилуј ме“, а на соборно-лично ниво се сведува на живо учество во Евхаристијата на Црквата.

Вистински носител и сведок на ова Предание беше и отец Гаврил. Нас, сигурно, посебно нè интересира неговото учење за умно-срдечната молитва – клучот на вратата за суштински влез во севкупното Предание на Црквата. Тој го сведочеше и пренесуваше својот подвиг на молитвата во срцето, и на дело и со збор.

Ако случајно го сретнев на улица во Скопје, на пример, кога доаѓаше за сеноќните бденија што ги организиравме еднаш месечно во црквата „Света Петка“, морав да му пријдам и да му се обратам по име, затоа што одеше со наведната глава и никого не забележуваше по патот – посветен на молитвата. Од него првпат дознав за умно-срдечната молитва („Господи Исусе Христе, помилуј ме“). При првата посета на Лесновскиот манастир, ми рече: „Постојано кажувај си ја во себе или наглас молитвата ’Господи Исусе Христе, помилуј ме‘, и ништо друго не мисли“. Овие зборови може да ги слушнеме само од човек со опит, затоа што според логиката на овој свет не е возможно човек постојано да се моли, а притоа на ништо друго да не мисли.

Денес и ние според своите сили го пренесуваме истото Божјо Предание – Богочовекот Исус Христос. Им објаснуваме на нашите монаси дека местото на срцето во кое умот се симнува да ја твори молитвата е, всушност, последното место на Светото Евангелие – да им бидеме слуги на сите. Дека за разлика од епископот на Црквата, кој треба да биде слуга на многу луѓе, за нив е доволно да им станат слуги само на братството или сестринството на манастирот, што не е многубројно. И дека штом станеме слуга на сите во манастирот, односно штом седнеме на последното место, тогаш срцето само се отвора за умно-

срдечната молитва и нам засекогаш ни станува познато местото на срцето. Потоа, молитвениот подвиг зависи само од нас.

Светиот отец наш Гаврил истовремено ни беше и пример и поттик. Тој е и благовесникот на возобновувањето на монаштвото во нашата Црква, МПЦ – ОА. Впрочем, тоа го покажува неговото име, добиено според Ангелот благовесник.

Ако сакаме и се потрудиме, Црквата Божја и денес може да донесе светителски плодови како светиот отец наш Гаврил Велички; и фала Му на Бог, уште носи. Нашата Црква денес го обзнанува отец Гаврил како светител. Нашите храмови уште од пред седумнаесет години се украсени со неговите фрески и икони. Неговото житие и црковна служба се напишани. Ние што го познававме, уште во тоа време го почитувавме како светител; и никакви додатни докази и потврди од никој друг за тој факт не ни се потребни.

Преподобен отец Гаврил, моли Го Бог за нас!





# КИНОНИЈА

## СОВРЕМЕНО БОГОСЛОВИЕ

## ЦРКВАТА И МЛАДИТЕ

**Оливер Суботиќ,**
презвитер



# ЦРК-ВАТА И МЛА-ДИТЕ

**Оливер Суботиќ,**
презвитер



Пред нешто помалку од два милениуми во Палестина е воден еден многу интересен дијалог кој останал запишан во Евангелието по Матеј (Матеј 19,16-22) и Марко (Марко 10,17-22). Некое богато момче, чие име не останало забележано, привлечено од појавата на Христос, пришло и Го прашало: „Учителе добар, што да правам за да имам живот вечен?“ Веројатно го препознавте почетокот на познатата приказна за богатото момче, кое ги имало речиси сите доблести и во целост било верно на Мојсевиот закон. Христос во него препознал огромен потенцијал за духовен живот и го повикал во целост да Му го посвети животот Нему, но срцето на момчето било премногу врзано за земното богатство. Оваа приказна често ја наведуваме како пример за лошиот однос кон материјалното добро, однос кој води кон ропство. Но, најважно е што оваа приказна го поставува круцијалното прашање за Вечниот Живот, и тоа од страна на еден млад човек.

Прашањето за животот и смртта младите и денес секојдневно си го поставуваат себеси и на другите прашувајќи за смислата на сè околу себе – често на посебен начин. Некогаш тоа прашање било поврзано со смртта на најблиските, во втор случај е поврзано со невозвратена љубов, а во трет случај е во врска со тешките животни искушенија. Сигурно има и такви што мислат дека тоа прашање никогаш не си го поставиле, но грешат – го поставуваат со самиот начин на живот, имплицинтно. Прашањето не мора да биде поставено експлицитно, во класични реченични или мисловни состави. Талкањето во псевдореалност (како наркоманија, алкохолизам и деликвенција), внатрешни или надворешни конфликти (конфликти со сопствената личност и со луѓето околу себе) или барањето себеси во разни анархо-движења се само некои од несвесните одговори на прашањето за животот и смртта.



### Жедта за вечен живот

Од каде е тоа вакви прашања, експлицитно или имплицитно, да ги поставуваат токму младите луѓе? Што е тоа што го прави младиот човек толку специфичен, што токму тој денес најмногу трага за одговорот на тие „проклети прашања“? Поедноставен одговор би можеле да побараме во пубертетските психофизички промени, но тие се ограничени само на еден одреден период од неколку години, а овие прашања се поставуваат и надвор од тие временски рамки.

Можеби и не е потребно да се влегува во проблематиката зошто се поставува тоа прашање, туку да му се даде одговор. Младите луѓе никогаш нема да престанат да поставуваат прашања за Вечниот Живот (макар и несвесно) и да го бараат одговорот, бидејќи својата жед нема да можат да ја задоволат на погрешни извори.

Често се случува одговорот да го бараат во повисоките вредности, во статусните симболи, во парите, но и тоа е привремено – барем за оној што веројатно размислува подлабоко. Единствениот што може да ја изгасне жедта за вечниот живот е Оној што посведочил за Себе дека е Извор на Вечниот Живот – Господ Исус Христос.

### Одговорноста на свештенството кон денешните млади

Сите христијани, а особено свештените лица, имаат огромна одговорност кон младите луѓе што доаѓаат во Црквата – со што било да се поттикнати. Мораме да ги научиме на одговорноста во смисла да ги придвижат нивните души, кои се исполнуваат само во телесни активности, а ние ги сфаќаме на вистински начин. Најлесно е да му кажеме на младиот човек „немој да го правиш тоа“ – такви пригоди тој слуша од сите страни, а бунтовен, како што е, само го тераат во подалечна изолација. На младиот човек треба да му се отвораат нови видици, да му се дава подлабока смисла на секое прашање кое, можеби и несвесно, го поставува, да не се шаблонизира. Никој не вели дека тој труд стопроцентно ќе роди плод (богатото момче од приказната од почетокот на текстот, на крајот, сепак, се откажало и покрај тоа што пред него бил Самиот Христос), но треба да го правиме она што зависи од нас.

Најпосле, човекот гледа на лицето, а Бог на срцето, и никогаш не знаеме кој стои пред нас. Можеби идниот светител? Затоа имаме голема одговорност за секој млад човек што ќе дојде кај нас и ќе побара одговор. Бог на сите нас во секојдневниот живот ни испраќа обични млади луѓе со разбуден дух, кои често не ги разбираме или фарисејски ги осудуваме, или, пак, „овој пат немаме време“ за разговор. Најлошо од сè е што тие по таквиот

*...Учителе добар, какво добро треба да направам за да имам живот вечен?*

(Матеј 19,16)

студен прием ќе кренат раце од сè или во сектите ќе бараат автентичен вид духовност. А ако постапуваме неодговорно, одговорноста за подоцнежниот трагичен пад ќе се бара од нашите раце (Езекил 3, 18). Кон младите – во тој контекст – треба да имаме три квалитета: отвореност, искреност и трпеливост.

Одговорноста е важна во поглед на оние млади луѓе што можеби немаат „конвенционален" изглед (рокери, панкери и сл.). Не е добро да им даваме поуки за изгледот, туку треба да видиме како е облечено нивното срце, и во тој поглед да го водиме разговорот (сетете се на примерот за старецот Порфириј и панкерот што му доаѓал на исповед).

Искреноста е важна затоа што младите луѓе не сакаат лицимери: како ќе му ја проповеда свештеникот на млад човек потребата за воздржување со цигара во раката! Затоа треба да се биде внимателен и од младите да се бара само онолку колку што и самите исполнуваме – за да не се однесува на нас Господовото предупредување упатено до фарисеите (Лука 11, 46).

Трпение – за да се изгради еден храм, потребно е време и трпение, а за да се обликува на правилен начин храмот на Светиот Дух во младиот човек, потребно е истото тоа во многу поголема мера.

**Животот во Црквата**

За жал, младите денес најчесто имаат погрешни претстави за Црквата, често – под секуларното медиумско влијание – разбирајќи ја како некаква институција или, пак, дел од националното богатство и историја. Денес од таа причина е потребна катихизација на младите, пред сè преку образовниот систем во видот на училишната веронаука, но и многу пошироко од тоа зашто е потребно да го почувствуваат животот во заедницата на верниците собрани во името Христово. Со самото тоа ќе биде јасно дека христијанството не е





празна филозофија или, пак, „едно од учењата", туку токму ЖИВОТ, односно нов начин на живот во Воскреснатиот Господ.

За разлика од световните организации кои им помагаат на младите со организирање акции од типот „Играј за Животот", Црквата ги повикува да го вкусат Животот. Иако таквите општествени акции помагаат во некои аспекти, тие сепак не одговараат на прашањата за животот и за смртта. Тука, исто така, лежи големо искушение зашто надворешната околина од христијанските мисионери често бара да се поведат според методиката на општествените институции заради краткотрајната добивка која во крајна инстанца, би резултирала со погрешна институционализирана претстава за Црквата.

Додека целото општество се обидува младите да ги обликува однадвор – наметнувајќи им разни забрани – Црквата цело време треба да им укажува на преображението одвнатре. А кога еднаш самите ќе ја почувствуваат благодатта на Светиот Дух како струи во целото битие, нема да биде потребно да им кажеме ниту еден збор – освен да ги поддржиме во животот во Христос.



КИНОНИЈА

СВЕТО-ОТЕЧ-КО БО-ГОСЛО-ВИЕ

# ОБОЖЕНИЕТО КАКО ЦЕЛ НА НАШИОТ ЖИВОТ

**отец Гаврил (Галев),**
архимандрит



# ОБОЖЕНИЕТО КАКО ЦЕЛ НА НАШИОТ ЖИВОТ

*„Срцето човеково е центар. Тоа воедно е и арена и храм Божји“.*

**отец Гаврил (Галев),**
архимандрит

**Пролог**

Темата за која сакаме да проговориме е суштинска тема во (или поточно за) животот. Не само христијански, и не само православен, туку сеопфатно, на човечкиот живот. Сите ние сме создадени од Бог и сите ние имаме едно предзначение да се соединиме со Бог, односно да се обожиме, а тоа се остварува само преку стекнувањето на благодатта на Светиот Дух. Значи, обожението, односно восовршувањето или поточно боговподобувањето е цел и центар на човековиот живот, за коешто Бог го создал човекот.

Ние сме од Бог и заради Бог создадени и само со Него можеме да бидеме исполнети. Бог е наш создател, родител, близок и пријател. Тој е нашата надеж, радост и утеха. Тој е нашата цел и наше сè. Ние треба да имаме само добра волја, правилно да го употребиме дарот на слободата за градење на нашата личностна и љубовна заедница со Бог и да се подвизуваме во таа насока, а се друго е дело на Божјата благодат која ни соодвејсвува. Без Бог и без Божјата благодат ништо не можеме да направиме.

Како круна на Божјата креација сме создадени, според образот и подобието Негово. Образот Божји е печатот Божји врз нас. Главна карактестика за образот Божји во човекот е неговата словесност (разумност), безсмртност, љубов и слобода. Подобието, пак, е нашето лично восовршување и градење на вечна, љубовна и слободна заедница со Бог, односно богосоединување или обожување. „Обожението е средба со љубовта: Божјата која слегува и човечката која се искачува“ свети Максим Исповедник

За жал тој дар, уште на почетокот, неблагодарно сме го отфрлиле и сме отпаднале од таа блажена и љубовна заедница со Бог. Оттогаш наваму е потребен напор (подвиг) многу поголем и потежок од пред тоа за најпрво, да се вратиме во првобитната состојба човекова, а потоа и да напредуваме во восовршувањето според подобието Божјо. За „да се дојде до тој степен, неможе секој веднаш, ниту е лесно; дури после многу предходни трудови и подвизи, по многугодишно усрдие, по испитување и различни искушенија е возможно да се постигне степенот на совршеното безстрастие. Само на тој начин, вистински во секој труд и самоистоштување, откако благодушно ќе ги поднесе сите искушенија човекот, конечно, станува подобен на великите почести, на духовните дарованија и на боженственото богатство, и дури потоа станува наследник на Небесното Царство вели преподобниот Макариј Египетски. Ако не го стекнеме богоподобието може да кажеме дека не сме ја достигнале целта на нашиот живот.

**Антрпополошки аспект**

Човекот е создаден од Бог и своето постоење го остварува единствено во Бог. Во Својот творечки акт, Бог, од сите созданија, само човекот го создал според Својот лик и подобие. Во самиот божествен образ (лик) се содржи и божественото подобие, кое човекот треба да го достигне и за кое тој е повикан. За да ја достигне таа цел, во природата на човекот е всаден голем потенцијал, сили и способности. Од моментот кога е створен, природно му е на образот (човекот) да тежи да се приближува кон својот првообраз (Бог). Движењето, подвигиот, односно, восовршувањето од ликот до првоbooликот е вподобување на Бог или обожение.

Образот Божји во човекот не се поврзува само со една страна на неговата природа, ниту со еден поединечен аспект, туку се изразува и пројавува преку целото човечко битие, телото, душата и духот. Овие три компоненти се нераскинливо поврзани помеѓу себе и со Бог. Бог му вдахна животворен Дух на човекот и тој постанува жива душа, и како што духот ја оживотворува душата, така и душата го оживотворува телото. И телото човеково исто така е создадено според образот Божји и тоа е оспособено да учествува во благодатниот живот на Духот и да го вкуси божественото. Телото е храм на Светиот Дух, пребивалиште Божјо.

Срцето е центар на психофизичкото битие на човекот. Во срцето се наоѓа суштината на умот. Кога Бог го создал човекот, неговиот ум пребивал во срцето и непрестајано заедничарел со Бог. Оваа природна врска била нераскинлива се до паѓањето на Адам во грев. Тогаш доаѓа и до расцепување на човековата личност, тогаш се раскинува природната врска помеѓу умот и срцето. Во срцето продре гревот и тоа беше извалкано од страстите, а енергијата на умот излезе од својата суштина (срцето) и почна да талка по надворешното и грешното, помрачувајќи се.

Човекот во рајот беше во состојба на просветление, чист по срце и просветлен по ум. Адам на своето лице и срце имаше сјајна слава и радост, му беше пријател на Бога, пребиваше во чистота, владееше над природата, цареуваше над своите помисли и блаженствуваше во животот. Слободата, која на човекот му беше дарувана за да напредува во своето восовршување во Бог, а со која имаше можност и да го отфрли, тој ја искористи против себе. Ја прекрши единствената заповед и одпадна од Бог, лишувајќи се од Божјата благодат. Со падот самиот себе се лиши од моќта на заедничарењето со Бог и учествување во Неговиот живот. Одпадна од својата природна состојба и влезе во противприродната. Беа повредени сите делови на неговиот духовно – телесен состав: духот, наместо да се стреми кон Бога, стана душевен, страстен, душата падна под власта на телесните нагони, а



телото ја загуби неговата леснотија, се претвори во тешка телесна плот.

Со одвојувањето на животворниот Дух Божји од душата, човекот станува смртен и повторно само со благодатта на Духот Божја оживува секоја душа. Сепак, образот Божји во човекот не беше изгубен по падот. „После прародителскиот грев, губејќи го животот според подобието Божјо, човекот не го изгуби и животот според Неговиот образ“, вели свети Григориј Палама. Бог не престана да се грижи за човекот и после падот. Со воплотувањето на Синот Божји, Кој постана и син човечки, односно потполн човек по природа, Бог го подигнува



човечкото битие од грев и повторно му даде божествен живот. Бог му даде можност на човекот да ги собере расејаните делови (составки) на неговата природа и повторно да постане потполн човек и да се обожи.

**Догматски аспект**

Обожението е врвна духовна состојба, на која се повикани сите луѓе: „Господ не создаде за да станеме учесници во Божјата природа (2 Петр. 1,4) и учесници во Неговата вечна суштина, и да бидеме слични на Него (за споредба 1 Јн. 3,2) по благодатното обожение заради кое се е устроено и се пребива“, вели свети Максим Исповедник.

Нашето соединување со Бог, неможе да биде по суштина, затоа што еден е Бог по суштина. Бог е несознатлив и непричестлив, нам, по природа. Он е Создателот, а ние сме Негови созданија (творенија). Нашето соединување се случува преку несоздадените енергии Божји, преку кои, нам, Бог ни се прави приемчив за заедничарење. Затоа кога велиме: „обожување“, „бог по благодат“, „посинување“, или „учесници во Божјата природа“, се мисли на заедничарење со Бог, не по суштина, туку со енергијата Божја, односно, благодатта Божја.

Бидејќи Бог е недостапен по суштина (транцедентен) ни го испрати Својот единороден Син, Словото Божјо, Кој доброволно прифати да се смири и прими облик на човек, воплотувајќи се од Пречистата и Преблагословена Мајка наша, Секогаш Дева Марија, Богородица, на која и должиме најмногу за нашето спасение, и постана Човек, поточно Богочовек. Соединувајќи ги во себе двете природи, Божјата и човечката во едната неповторлива ипостас, личноста на Богочовекот Исус Христос, Бог ја подигна и обожи нашата паднатата човечка природа.

Со Неговото воплотување и исполнувањето на Домостројот Божји за спасение на човекот, ја основа Црквата како тело Негово, и нам ни даде можност за потполно партиципирање во Божествениот живот, во Божјата природа, преку неговите благодатни енегргии во Неа. Затоа Богочовекот Исус Христос е посредник меѓу Бог и луѓето и нема спасение надвор од Него, односно од Неговата Света Црква. Според тоа, Христос е нашата единствена цел и критериум. Ова соединување според енергија, во Христос, во Неговото тело – Црквата, им станува достапно на сите оние што учествуваат во светите тајни на Светиот Дух.

**Аскетско-исихастички аспект**

По вознесението Господ Исус Христос ги испраќа своите свети ученици и апостоли да одат и да го проповедаат Евангелието на секој народ и да ги крстат во името на Отецот и Синот и Светиот Дух, та кој ќе поверува и се крсти да биде спасен.

Крштението е наше раѓање за Христос, обновување на образот Божји и примање на нашето вистинско битие и нашата вистинска природа. Преку крштението човекот го прима новиот живот, ја прима полнотата на Божјата благодат во своето срце. Тоа е облекувањето во бело, во светлина, во Самиот Христос (вие кои во Христа се крстивте, во Христа се облековте – Гал. 3,27), облека за која се задолжуваме да ја чуваме преку целиот наш живот, и таа е истата свадбената облека како знак на распознавање (услов) за влез во Царството Небесно.

Според светите Отци, духовниот живот има три степени, според тоа и три дејствија на благодатта и три состојби на нашето битисување и три благодатни дарови и три вида на молитва. Најмогу за тоа пишува преподобниот старец Јосиф Исихаст, возобновител на акетстко – исихастичкото монаштво на Света Гора, а преку неговите духовни чеда и во целиот денешен свет, а најпрецизен во овие категоризирања е нашиот митрополит Струмички г. Наум, возобовител на македонското монаштво и верен последовател на Старецот. Од нивните списи, ние ќе издвоиме:

духовниот живот има три степени, очистување, просветление и обожение, па и благодатта делува согласно нив: очистувачка, просветлувачка и обожувачка – благодат на совршенство. Разликуваме и три типа на молитва, умна, умно – срдечна и непрестана благодатна умно – срдечна молитва. На три начини на битисување се дели и животот: на против природен, природен и натприроден. Во рамката на овие три дела, човекот се движи, се искачува и паѓа. Постојат и три големи благодатни дарови, кои човекот може да ги добие: созерцание, љубов и безстрасност.

Првиот степен, се нарекува период на очистување на срцето од страстите. Во него дејствува очистителната благодат, која во исто време помага во самото очистување на срцето од страстите. Тој облик на благодат предизвикува непрестајно покајание. Се што човекот прави, произлегува од благодатта, дури и ако не е свесен дека ја поседува. Ништо од тоа не е наше. Таа сето тоа го работи во тајност. Ако имаме ревност и самоодрекување, Бог ќе не вознесе до степен на созерцание, после кој следува просветлување со божественото познание, за на крајот во извесна мера да ја прими и безстрасноста. Ако станат ладни нашата ревност и срдечноста, тогаш се прекинува и дејството на благодатта. Со други зборови, оној што се моли, внатре во себе, треба да го почуствува присуството на Божјата енергија.

Вториот степен од духовниот живот се нарекува период на очистување на енергијата на умот. Во него, вториот облик на благодат се нарекува благодат на просветлување. Во доволно очистеното срце се вселува благодатта Божја и таа молитвено го привлекува умот и во него се раѓа умно-срдечната молитва. Со овој степен на благодат, човекот ја прима светлината на познанието и се вознесува до степен на боговидение. Тоа е прозрачниост на умот, светлина, чистота на мислите и длабочина на познанието.

Третиот степен е посетата од благодатта на восовршување и тоа е навистина голем дар и голема тајна. Тогаш човекот се наоѓа целиот во восхит, целиот во светлина и како што железото бива обземено од огнот и станува жар, топлина, светлина, а притоа негубејќи ги своите својства на железо, така и човекот кој според зборовите на светиот апостол Павле е вознесен до „третото Небо“, пребива во богосоединение, притоа не губејќи се себе како човек и како личност.

Очистителната благодат, се споредува со блескањето на ѕвездите, додека пак, благодатта на просветление е слична на полната месечина; меѓутоа, благодатта на совршенството – созерцанието, се споредува со пладневното сонце.

Кога ќе го достигнеме тој дар на чистота и совршенство, како што велат светите Отци, тогаш завршуваат борбите. Тогаш е време на берење на плодовите.

**Услови за стекнување на благодатта на Светиот Дух**

Најпрво треба да му се посветиме на Бог во извршувањето на Неговата волја. За да

продејствува благодатта во нас, потребно е во се да му се предадеме на Бог и за се да му благодариме. Не треба да ја бараме својата волја која, заради падот, знае и да е погрешна, туку на Божјата, Кој е нашиот Татко и Создател и Он најдобро знае што ни е потребно за спасение.

Нашиот пад, а со тоа и сокривањето на благодатта во нас се состои во нашата гордост, односно себељубивост или попрецизно, поставувањето на самите себе си на местото од Бога. Со падот, човекот се отстранил од Бог и го поставил своето јас пред Божјата волја. Затоа сега треба да го направиме обратното. Потребно е да се откажеме од своето гордо и паднато јас и во сè да му се предадеме на Бог во послушност и благодарење, преку чистотата на православната вера, и исполнувањето на заповедите Христови.

Ако сме вистински христијани, тогаш треба и вистински да живееме христијански. Односно да го усогласиме нашиот живот според животот Христов, а тоа значи во целост да ги исполнуваме Неговите заповеди и Евангелието. И тоа не само некои и понекогаш, туку треба да се трудиме да ги исполнуваме сите и во секое време. Господ Исус Христос преку неговиот живот и слово ни оставил пример во секој сегмент од нашиот живот како правилно да постапуваме. Со исполнување на заповедите, односно со согласување на нашиот живот според Христовиот, ние се вподобуваме на Него и полека се чисти нашата енергија и со благодатта Божја соучествуваме во божествениот живот и на тој начин стануваме посигурни.

Според зборовите Христови во заповедта за љубовта се сведуваат целиот Закон и Пророците, та кој ја исполнува таа една заповед го исполнува и цело Свето писмо, а кој не ја исполнува и него не го исполнува благодатта Божја.

Св ап. Павле ќе рече: „Ако љубов немам ништо не сум…ништо не ми користи“ (1 Кор. 13) затоа: „Возљуби го Твојот Господ Бог со сето свое срце, со сета своја сила, со сиот свој разум, и другата која е слична на првата: Возљуби го својот ближен како себе си“ (Матеј 22,37-39).

Прв и најголем услов, значи, е љубовта кон Бога и кон ближниот, без разлика кој и да е. Ако немаме љубов кон само еден и не постапуваме со законот на Христовата љубов, Кој се распна за нас грешните, тогаш немаме љубов ниту кон Бога, тогаш сме како незнабожците и немаме ништо со благодатта. Свети Никодим Светогорец вели дека е благословено да се стремиме кон совршенство, но за тој подвиг треба да бидеме подготвени да вложиме труд, пот и борба. Мора да се принсе жртва на Бога и целосно да му се предадеме. Во се да се трудиме да се откажуваме од својата волја и да ја исполнуваме само Божјата волја, да се оградуваме од секое зло и да твориме само добро.







Трперливоста не треба да не напушта. Светите Отци нашата состојба ја споредуваат со огледало врз кое паднало прашина, кал, поточно нечистотија. За повторно да блесне одлесокот од огледалото и во него јасно да се огледаме, мора да ја отстраниме сета нечистотија од него. Така е и со крштенската благодат во нашите срца, која е затрупана од нашите гревови и страсти. Затоа е потребен подвиг, напор да ја отстраниме сета нечистотија од него. Треба да сме свесни дека ова е долг и трпелив пат, затоа треба неуморна истрајност и цврста волја. Колку ќе биде долг тој процес, пред се зависи од нас, од нашето покајание.

Покајанието е состојба на осознавање на нашата паднатa природа и решеност да го промениме нашиот живот. Колку подлабоко и поискрено го доживуваме падот како личен грев, толку е поискрен нашиот однос кон Бог. Покајанието е како оган кој ги согорува нашите гревови. Колку е поголемо нашето покајание, толку побргу ќе се исцелиме од гревовите и страстите и толку побрзо ќе ја актуелизираме крштенската благодат во нас.

Митрополитот Струмички г. Наум за тоа ќе рече: „Господ Исус ни го покажува патот по кој треба да одиме за да се ослободиме од заробеноста од прекумерната грижа за световното: *Но барајте ги најнапред Царството на Бога и Неговата правда, и се ова ќе ви се придаде.* Тоа е подвиг, за севкупна проемена на нашиот живот, сето она што досега сме го правеле наопаку, сега да го исправиме. Или затоа што сме се одомаќиниле во својата падната состојба, сето она што досега сме мислиле дека во животот го правиме исправно, сега да го испревртиме наопаку. Тоа е бунт. Тоа е радикално оттргнување од земното и стремеж кон небесното. Тоа е подвиг на преумување, покајание. Тоа е tour de force на восогласувањето на нашиот живот и подвиг со нивото на духовниот развој на кое се наоѓаме. Тоа е ставање на нашиот ум преку послушанието во процес на исцеление, на што се и се сведува“.

Постојаната придружничка на покајанието е смирението. Смирението е основа на секоја добродетел и темел на нашиот правилен подвижнички живот во Христос. Всушност, тоа е и првото блаженство на Христовата беседа на горaта: *Блажени се бедните по дух, зашто нивно е Царството небесно.* Да се дојде до блаженото смирение е потребен непоколеблив и постојан дух, да се испитува совеста, и да се внимава на себе и сите свои постапки, зборови, погледи, мисли и помисли. Средства за стекнување на блаженото смирение се благодарственото прифаќање на сите настани и околности во животот, сиромаштвото, болест, трепењето на

маки и неправди итн.

Тоа значи дека треба да имаме континуиран акетско – исихастички подвиг, кој се состои во телесен и духовен напор. Значи, нема очистување на срцето, и стекнување на благодатта, ако не се трудиме во постот, метаниите, редовноото одење на богослужби и простум стоејќи на нив и секој телесен напор кој му го принесуваме на Бога како наша жртва пред него.

Духовниот напор се состои во принудувањето на умот секогаш да пребива во смирение. Да се воздржува од секакви лоши мисли, особено во моментите на искушение. Да се просветлува со читање на Светото писмо и делата на светите отци, особено житијата на светиите и секогаш да се има добри и светли мисли, мисли кои го љубат Бог, а потоа и секој еден.

Светите Отци се согласуваат дека сетоа предходно кажано е добро во процесот на стекнувањето на благодатта Божја и соединувањето, но молитвата, особено умната или т.н. Исусовата молитва е најсилна и најделотворна. Свети Исихиј Ерусалимски во Добротољубието заклучува: „не е возможно да се очисти срцето и да се изгонат од него непријателските духови без често повикување на (името на) Исус Христос“.

Свети Игнатиј Бјанчанинов, цитирајки ги преподобните Калист и Игнатиј Ксантопули од Добротољубието ќе напише: „Отците, споредувајќи го подвигот на Исусовата молитва со другите монашки подвизи го велат следното: иако има и други патишта и начини на живеење или, ако сакаш така да ги наречеш, други добри дела кои водат кон спасение и носат спасение на оние кои ги извршуваат и иако има подвизи и вежби што доведуваат до состојба на слуга и наемник Божји, како што кажа Спасителот: „во домот на мојот Отец има многу места за живеење (Јован 14,2), сепак патот на умната молитва е пат царски, пат избран. Тој е толку повозвишен и поизвонреден во однос на другите подвизи, колку што е душата во предимство пред телото”.

И старец Ефрем од Аризона ќе нагласи за значението на Исусовата молитва во процесот на единствена наша цел на земјата, стекнувањето на благодатта и царството Божјо, внатре во нашите срца: Зошто дојдовме овде? Нели дојдовме да го најдеме Бог? Нели дојдовме да ја најдеме Неговата Благодат? Нели дојдовме да најдеме мир? За да се избавиме од страстите? Со оваа молитва се постигнуват сите овие работи: од молитвата ќе дојде топлина, пламен во душата. Окако молитвата ќе ја причини оваа топлина, топлината ќе донесе повеќе молитва итн. Кога ова ќе се случи ќе видите како малку по малку слабостите изгоруваат, помислите изгоруваат, и на крај се здобиваме со чистотата на срцето. А тогаш Отецот и Синот и Светиот Дух ќе дојдат и ќе си направат живеалиште во срцето.

Степените на умствената молитва се развиваат во оној човек кој живее во светотаинското и исихастичко предание на Црквата. Срдечната молитва ја зголемува жедта за Причест, а Причеста го разгорува жарот за молитвата. Умно-срдечната молитва надвор од Литургијата и надвор од сета атмосфера на Православието е незамислива.

Светата Причест соодветно делува на секого според неговите потреби. Познатиот толкувач на Литургијата, свети Никола Кавасила тоа го објаснува: „Оваа Тајна е светлина за оние што веќе се имаат очистено од гревот, таа е очистување за оние што се чистат, а укрепување за сите оние што се борат против лукавиот и страстите“.

Преку светата Причест ние го примаме лично Христос и органски се соединуваме со Него. Нашето тело станува Негово тело, нашата крв – Негова крв, нашиот живот – Негов живот и обратно, со што целиот наш живот му го предаваме на Христос Бог. Ако достојно се причестуваме, тогаш Бог на нас ги излева сите Негови благодатни дарови и ние на тој начин се обожуваме.

И да не го изоставиме најважното. Во Света Православна Црква се се случува со благослов и послушание од духовен Отец. Господ Исус Христос му беше послушен на својот Отец, апостолите на Господ Исус Христос, првите христијани на апостолите и се така до денес, кога ние треба да им бидеме послушни на нашите духовни Отци. Духовниот отец е алката, која не поврзува со целокупното предание во Православната Црква и не воздигнува кон Бог. Затоа секој треба да има свој духовен Отец на кого ќе му се довери во љубов и слобода. Без духовно раководство и благослов од духовниот отец се наоѓаме во состојба на прелест – лишени од можноста за обожување и надвор од тој спасителен ланец.

**Пречки во процесот на стекнување на благодатта Божја**

Секој грев не спречува во процесот на стекнување и зачувување на благодатта, затоа што гревот во суштина, е промашување од патот Божји, свртување на нашиот поглед од лицето Божјо, оддалечување од Бога и раскинување од протокот на благодатните животворни енегии. Кога сме така, преку гревот одделени од Бога, се троши нашата животна енергија и нашиот живот се движи кон физички и духовен крај.



На секого му е потполно јасно и знае дека големите телесни гревови, т.н. смрттни гревови, директно не лишуваат од благодатта Божја. Но во суштина постојат некои суптилни и незабележливи за неопитните, страсти и гревови кои го рушат целокупниот наш подвиг во очистувањето на срцето и стекнување на благодатта Божја. Ќе се задржам не неколку и преку пример ќе се обидам да ви посочам:

- Гордоста, самобендисаноста и денешниот човекоцентричниот хуманизам

Најголемата пречка во подвигот на обожување (стекнување на благодата) е нашата гордост, суета и високомислењето за самите себе. Човекот кој е самобендисан, ги презира другите и мисли дека секогаш е во право. Тој човек се наоѓа во тешка прелест, а неговиот живот е повеќе насочен во губење отколку во стекнување на благодатта. Таквиот се „самообожил“ завземајќи го местото на Христос, самиот се назначил за центар на сè и самиот се затворил за Божјата благодат. Во денешно време и еден цел таков философски-општествен систем го завзел местото на православниот аскетско – исихастички начин на живот. Тоа е човекоцентричниот хуманизам.

- Прекумерната грижа за земното

Грижата за добрите устројства на земните нешта е добра и племенита работа, ако сè прави во слава Божја, но ако го промашиме духот, станува пречка. Блажениот старец Георгиј Григоријатски (Капсанис) предупредува велејќи: обично луѓето не успеваат, бидејќи се привлекуваат и грижат само за секундарните цели на нивниот живот. Не го ставаат како прво во својот живот обожението. Се воодушевуваат на убавите нешта на овој свет и ги губат вечните. Целосно им се предаваат на секундарните нешта, а го заборават она „едно што е потребно“ , (сп. Лука глава 10).

- Морализмот

Друга таква суптилна пречка за стекнување на благодатта е морализмот. Морализмот во најголема мера го диктира западното христијанство. Тие го изгубиле автентичниот дух на Христовата Црква, аскетско-исихастичкиот подвиг и обожението како цел на животот и се свртиле кон морализмот како норма. Меѓутоа методот на моралното усовршување е човекоцентричен, а не богоцентричен. Цел, критериум во него, не е Бог, туку човекот. За свој центар го има човекот и неговата добрина овде на земјата, а не Христос и обожението за небесата. Во него се истакнува човечкиот труд, а не благодатта Божја, која не восовршува. Задоволување на човечката правда, а не Божјата правда. Затоа преподобниот отец Серафим







Роуз, кој и самиот потекнува од западните простори, (живеел во САД во минатиот век) ќе забележи дека „кај западните христијани може да се најдам многу добри луѓе, но ретко или невозможно светители“.

- Судењето и осудувањето

Друга крупна пречка за губење на благодатта од душата е гревот на судењето и осудувањето. Бог му ја дал таа власт на Исус Христос да суди и осудува зашто е безгрешен Богочовек. Толку е голем овој грев што според светите отци дури и оние кои веќе доволно го очистиле срцето од страстите и се наоѓаат на вториот или третиот степен од духовниот раст, може да ги турне долу и да ги обезблагодати. Затоа чувајте се од судење и осудување на другите. Ние сме должни да покажеме љубов, да се почитуваме и сакаме еден со друг, да бидеме благи и снисходливи кон оние кои грешат, затоа што и самите ние сме грешни и да се молиме за нив, но никако да ги судиме и осудуваме. Оној кој суди и осудува нема ништо заедничко со благодатта. Слично е и со озборувањето.

- Многуговорливоста

Многуговорливоста е исто така голема демонска замка за губење на благодатта. Нашиот ум секогаш треба да е смирен, прибран и собран во молитвата, а многуговорливоста пак го прави умот да биде расеан и неконцентриран за молитвата и Бог, па затоа и оваа навидум наивна страст е голема пречка во подвигот за стекнување и зачувување на благодатта. Ако квачката често го напушта своето гнездо и оди и се дружи со другите кокошки, јајцата ќе оладат и ќе се расипат. Така е и со нашиот ум, ако тој често оди во друштво на празнословци, топлината на срцето ќе истинее и благодатта ќе исчезне.

Страстите како озборувањето, клеветата, љубоморaта и зависта, злопамтењето, неодговорноста и мрзата, исто така многу му пречат на човечкото срце да ја прими благодатта. Непослушаноста кон духовниот отец, неисполнувањето на секојдневното молитвено правило, немарноста за телесен пост и подвиг, навидум изгледаат незанемарливи мали отстапки, меѓутоа тие прават да се олади нашето срце за Бога и да ја загубиме благодатта Божја во него.

**Плодови на благодатниот живот**

Откако повторно ќе ја актуализираме (активираме) крштенската благодат во нашето срце, таа со себе ги носи и своите дарови и квалитет на живот. За разлика од првиот степен на духовниот живот, во кој срцето сеуште ни е заробено од страстите и умот помрачен за божествената светлина на познанието, демонот сеуште има власт над нас. Но откако со напор и содејство на благодатта Божја, срцето доволно ќе се исчисти од страстите, односно ќе се ослободи од нив, демонот кој ги држи до нас овие страсти полека отстапува, а во нашето срце се населува Светиот Дух. Затоа преподобниот отец Серафим Саровски потенцира дека *вистинската цел на нашиот христијански живот се состои во здобивање на Светиот Дух Божји.* Благодатниот живот во Христос си има и свои плодови и придобивки за кои свети ап. Павле им пишува на Галантјаните: *а плодот на духот е: љубовта, радоста, мирот, долготрпеливоста, добротата, милосрдноста, верата, кротоста, воздржливоста...* (Гал. 5,22-23).

Тоа предание на животот на Светиот Дух во Православната Црква е живо и делотворно и до ден денес. Старец Ефрем Филотејски, денешен игумен на манастирот свети Антониј во Аризона и основател на голем број манастири во САД придржувајќи се целосно на светото предание и на искуството во Црквата за придобивките од подвигот за очистувањето на срцето ќе рече: *светите отци велат дека умот лесно се валка и лесно се чисти, додека, пак, срцето тешко се чисти, а и тешко се валка. Умот лесно се валка кога се расејува од некое зло. Срцето, пак, веднаш не учествува во валкањето. Кога срцето создало добра духовна состојба, но подоцна на некој начин ја губи и умот почнува да се валка со различни работи, срцето не се менува толку лесно – зашто предходно било преобразено од благодатта, па затоа злото бавно и со тешкотија напредува.*

А неговиот учител, највеликиот и најискусниот подвижник во молитвата на нашето време, старец Јосиф Спилеот – Исихастот, во своите писма до неговите многубројни духовни чеда распространи преку целиот свет, пишува (издвојуваме):

„Кога ќе го почуствуваме ова преобразување во нас, тогаш ќе разбереме кои се плодовите и целта на молитвата. Тогаш ќе сфатиме дека Царството Божјо е внатре во нас (Лука 17,21). Тогаш ќе најдеме благодат, олеснување од страстите, а особено олеснување од нечистите помисли. Ќе добиеме големо ослободување, со време тие ќе исчеснат, ќе бидат избришани од умот преку молитвата, и срцето потполно ќе зацели. Ќе стане како незлобиво детско срце. Сè ќе гледа природно. На тој степен и молитвата го менува својот квалитет. Умот бива привлечен од благодатта во срцето и во него ја твори непрестајната Исусова молитвата: *Господи Исусе Христе, помилуј ме грешниот!* Тогаш благодатта делува создавајќи рајска состојба на душата, радост, благодатни солзи, во мир и тишина и целото тело се смирува. Кога ќе се умножи благодатта, умот е вознесен во созерцанија, срцето се распламтува од божествената љубов и целиот човек гори од љубов. Тогаш умот е совршено соединет со Бог.

После просветлувањето, следи прекин на молитвата и чисти созерцанија, грабнување на умот при Господ, смирување на чувствата, неподвижност и целосно молчание, а на крајот соединување на Бог и човекот во едно. Состојба која свети ап. Павле ќе ја нарече „третото небо“ во подножјето на престолот Божји. Присуството на благодат во нечие срце е показател дека тој е возљубен од Бог и дека тој самиот го љуби Бог и своите ближни, дека на тој човек му е простено од Бог и дека тој самиот им простува на сите што му грешат и дека тој човек не е осуден од Бог и дека тој самиот не осудува никого освен самиот себеси за злото што му се случува и нему и на целиот свет.“ И што повеќе да се каже за плодовите на благодатта Божја?

**Есхатолошки аспект**

Откровението на есхатолошките димензии на нашето христијанско постоење во основа е дар на „отвореност на срцето“ и пројавување на благодатта на крштението внатре во него. Тоа е такво чувство и таков дар кои што со човечки зборови е тешко да се објаснат.

„На очистените од страстите и гревот, на оние што се молат со вистинска и умносрдечна молитва, им се дава да ја видат Божествената светлина уште во сегашниот живот. Тоа е светлината, која што ќе засветли во вечниот живот, и тие не само што ја гледаат, туку и самите се наоѓаат во Неа, затоа што ова Светлина ги опкружува светиите“, ни пишува архимандритот

Георгиј Григоријатски Капсанис, а митрополитот Иларион (Алфеев) го кажува следното: *Така, човекот што ја постигнал светоста уште во земниот живот се приопштува со Божјото Царство, се соединува со Светата Троица и се исполнува со божественост. Меѓутоа, по сеопштото воскресение и Страшниот Суд, светиите ги очекува уште попотполно блаженство и потполно вподобување на Бога, какво што човечкиот ум не е можен ни да си замисли: Сега сме чеда Божји! Но уште не се покажа што ќе бидеме. Знаеме само дека кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, зашто ќе го видиме каков Што е* (1 Јован 3,2).

За значението во есхатолошки рамки на непрестајната благодат најпрецизно кажува старец Софрониј: *со таквата молитва вашето раѓање во вишниот свет навистина може да стане безболно. Современиот образован човек лесно ќе го сфати механизмот на умно-срдечната молитва. Доволно е две-три недели малку поусрдно да се помоли, да прочита неколку книги и еве, тој самиот кон тие книги ќе може да додаде и своја. Но во смртниот час, кога целиот наш организам е подложен на насилно раскинување, кога разумот ја губи јасноста, а срцето чуствува силни болки или слабост, тогаш сите наши теоретски знаења ќе исчезнат, а со нив можеби и молитвата (ако не се потрудиме да ја направиме благодатна непрестајна зашто само молитвата и љубовта преминуваат понатака кон вечноста).*

Смртта, односно судот Божји на смртниот час, е едиствена најверодостојна проверка за исправноста на нашиот живот. Во овој свет може и некако да се провнеме, но кога ќе дојдеме лице во лице со смртта, тогаш сè ќе биде разголено, сè ќе биде разобличено, сè ќе биде објавено. Во овој свет одиме по широк или по тесен пат, но кога ќе дојде смртта патот се стеснува и остануваме само јас и Бог и само јас и Вистината. Затоа треба многу да внимаваме како ќе живееме овде на земјата, оти Господ рекол дека ќе одговараме за секоја наша мисла, а колку повеќе за зборовите или делата.

Сеќавањето на смртта, според големиот богослов на Црквата, свети Василиј Велики, е најголемата мудрост во овој свет. Сите гревови настанале со тоа што ние заборавамe на смртта, а ѓаволот намерно го одвлекува нашиот ум со разнородни преокупации од овој свет, а само за да не замае и оттргне од патот на кој *многумина се повикани, но малкумина избрани…*

Ништо нема повредно на земјата, ниту славата, ниту богатствата, ниту раскошот, колку спасението и обожението. Да се потрудиме да се вподобиме на Бог и да го имаме Христос во нашите срца за вечен живот. Тогаш ќе сме синови Божји и наследници на Неговото Царство, сега, секогаш и во вечност.

**Епилог**

На крајот, да го заокружиме досега кажаното. Повикот за духовно совршенство и обожување е природно всаден во нас уште со самото создавање. Во образот Божји, Бог всадил неизмерлив потенцијал да напредуваме до наше вподобување Нему. Бог нас нè створил за живот вечен. Вечниот непријател ѓаволот, не прелагал да му свртиме грб на Бог и да посегнеме за материјалното наместо за духовното, за пропадливото наместо за вечното, за грешното наместо за светото и нашиот живот се претвори во тага, страдања и бол, а телото беше осудено на распаѓање. Меѓуото, Бог не нè напушти. Тој ја покажа Својата најголема љубов кон нас и го испрати Својот единороден Син, да се воплоти во најсветата, Пречистата Владичица наша Богородица и секогаш Дева Марија, да се вочовечи, та секој кој верува во Него и се крсти да има изобилие и живот вечен. Воплотеното Слово Божјо, земајќи ја на себе човековата природа, го подигна и возобнови нашиот паднат образ и се објави Себе си како единствен критериум во животот.

Господ Исус Христос го исполни спасителниот домострој за нас и со Неговата крв нè откупи од гревот, а со Неговото воскресение и вознесение не подигна и вознесе повторно при Бога Отецот, оставајќи ни ги Неговите спасителни зборови, т.е. Евангелието, како начин на живот и единствен ориентир за доброто и лошото. Ја основа и Црквата како атмосфера и начин на спасение и ни ги даде неговите спасителни свети тајни во неа, како извор на живот вечен.

Во животот после падот, се станува со напор и труд. Така и животот во Христос е подвиг. Борба со страстите и похотите, односно со стариот човек во нас. Уште со самото Крштение сме повикани, како што вели и свети ап.Павле, да се сметаме *мртви за гревот и живи за Бог, во Христос Исус, нашиот Господ* (Рим. 6,11). Крштението во Христос е учество во неговата смрт и воскресение и возобнување на нашата природа, односно распнување на стариот човек со него, а за живот обновен во Него. Има ли друг?

Таа борба, тоа умирање и воскресение се случува во срцето. Срцето човеково е центар. Тоа воедно е и арена и храм Божји. *Од срцето човеково излегуваат лоши помисли, прељубодејства, блуд, убиства, кражби, лакомства, злоби, лукавства, разврат, завист, богохулства, гордост, безумство… и тоа го осквернува човекот* (Матеј 15,21-23) . Но, ако се потрудиме да го исчистиме, тоа е и трпеза и Храм на Бог Света Троица. *Блажени се чистите по срце, зашто тие (во него) ќе го видат Бога.* (Матеј 5,8). *Царството Божјо е внатре во вас*, рекол Господ (Лука 17,21). Тоа се достигнува со непрестаен труд и добродетелен светотаински живот во исполнување на заповедите и Евангелието во Црквата. Со смирение, трпение, покајание, љубов и во подвигот на непрестајната Исусова молитва, а по послушание и благослов на духовен отец.

Откако ќе ја стекнеме благодатта во нашето срце или поточно кога во нас повторно ќе се пројави благодатта која како дар сме ја добиле на крштението, треба таа состојба да се потрудиме да ја зачуваме до крајот на животот. Сè она што ја изгонува или намалува благодатта во нас да го отфрламе (гревот), а да се трудиме што повеќе да останеме во неа, па и да ја разгоруваме во себе. Затоа што сè на крајот завршува со смртта, која и не е крај, туку само почеток на новиот живот во Христос. Нов начин, нов однос, нов квалитет на живот. Смртта е страшна за грешниците и незнабошците, но за тие што веруваат во Христос и го следат по неговиот пат, смртта е придобивка (види: Филип. 1,21). Ако во овој живот сме ја стекнале благодатта Божја, тогаш смртта за нас ќе биде само врата, премин, пасха. *Не бој се мало стадо, зашто волјата на вашиот Отец е вам да ви го даде Царството* (Лука12,32).



КИНОНИЈА

ПОУКА



# ДА СЕ БИДЕ МОНАХ?

**Сестра Илијана,**
игуманија на Марковиот манастир






# ДА СЕ БИДЕ МОНАХ?

**Сестра Илијана,**
игуманија на Марковиот манастир

Да се биде сам, не значи да се биде монах, напротив, да се биде монах, значи да се биде во заедница со сите во своето срце. Монашкото самување (исихија), сам, во молитвен разговор со Бога, е умирање за себе, умирање за светот и за благодетите кои светот ги нуди, поточно, од световната заробеност.

Тоа е процес на воскреснување од мртвите т.е. да бидеш мртов пред смртта. Мртов за она што нѐ држи далеку од Бога, мртов за сѐ што е „добро“ за светот и световното...

Пороците и острастеноста, кон и од нив, го држат нашето срце заробено, не дозволувајќи тоа да глаголи со Возвишеното, длабоко во тајната одаја на битието.

Мисловното проникнување, мисловното созерцание на Возвишеното, како и разговорот со Него, е внатрешен акт и спој со желбата и добрата волја да се биде со Творецот на сѐ, со Оној кој е трансцедентен во однос на нас, но, секогаш овде и сега.

Неговото присуство не нѐ остава рамнодушни.

Како ранети со љубовна стрела, чекориме по патеката, која иако стрмна и трнлива, нѐ води до Него, барајќи го неуморно, заради незаборавното видување лице в лице – очи во очи...

Видување, кое може да се опише како: слуга пред својот Господар, како најмал меѓу најголемиот, како најгрешен меѓу Возвишениот – Светиот.

А за неговата светлина, кој би можел да глаголи неискажливо...

Но, ох, јас грешната, се осмелив да проговорам за мојата љубов кон Него, за првите солзи кои протекоа заради Неговото присуство. Искуство на ништовност и грешност, на темнина наспроти светлина, на бунило и незнаење, на паѓање на завесата и слепилото, на прво прогледување и солзите со него, на осознавање на големата грешност и гревот во себе, на борбата со него и на очистувањето од него... и уште многу, многу... по патеката која води по тесниот пат, на која секој кој се бори не добива венец.

Надежта при тоа не нѐ остава сами, како бастун на кој се потпираме, силно верувајќи дека ќе бидеме водени од љубовната глад и жед, напоени од солзите при тоа, чекорејќи со скрушен дух кон повторната средба со Оној Кој се распна за нас, со Оној Кој се жртвува за нас, со Оној Кој со своето присуство зборува без да каже ниту збор, а ти го разбираш.

Искуството е утврдување во верата, утврдување во Оној Кој вечно постои. Таа уште е и непоколебливост на патот полн со искушенија. Цврст став за Бога и Божјото и Негово сведочење во денешно време, меѓу оние кои сѐ уште не го познале и оние кои се далеку од благословениот пат на спасението.

Молитвата, ах, тој разговор со Бога, толку неопходен како мелем за отуѓената душа, не само што нѐ залечува, туку им помага и на другите за кои се молиме.



Молитвеното ѕиркање на Бог, во сета своја убавина, колку што е достапна за човекот, е вода за нашата жедна душа, е напојување од непресушниот извор кој нѐ оживотворува, е свежо (fresh) освежување од секојдневните искушенија и стресот при тоа.

А за монасите, што да се каже?

Воини кои ја водат невидливата борба на доброто наспроти злото, кои преобразувајќи се себеси, го преобразуваат светот, кои молчејќи говорат за Царството Божјо, кое треба да дојде.

Кои говорат за Царот – нивниот Женик – Кој се распна и пострада за сите нас.

Да, монасите се тие кои зачекорија на патот девственички, кои не знаат за друго, освен да се живее за Бога и ближниот, кои се молат за сите нас и чие име е МОЛИТВА, кои како градиво растат во неискажливата љубов, проникнати од Оној Кој е љубов, кои самуваат за да бидат во заедница со сите во срцето свое, кои и кога се во молчање, зборуваат со шепотот на своето срце, невидливо говорејќи со срцето на другиот преку Светиот Дух, кои се икона која видливо оди, кои се наша светлост која нѐ разобличува дека Бог постои.

Кои со самото присуство нѐ поттикнуваат на размислување за вистинскиот пат и живот во Бога, поточно, за смислата на животот и за нашето постоење, сега и во часот кога ќе нѐ посети смртта. За постоење на надгробен живот и Бог Кој ни вети Царство небесно и рај во него.

КИ
НО
НИ
ЈА

ФИЛМ

# INTO THE WILD

T. P.



# INTO THE WILD




*„Слободата е категорија која е непрестаен извор на турбуленција. Вртлог што еднакво ги протесува и општеството и човекот во него“.*

**Т. Р.**



Слободата е универзално прифатена општествена вредност дефинирана на различни начини. Слободата подразбира заштитен приватен домен на поединецот во кој никој, дури ниту државата, не смее да се меша. Друго поинакво сфаќањето ја врзува слободата за моќта, за можноста или способноста на поединецот да дејствува на одреден начин, да избира алтернатива. Алтернатива?!

Кој поставува алтернатива? Државата, политиката, економските прилики, општествените трендови, културата, општествената група на која припаѓаме, нашето семејство, соседството или ние самите? На крајот или на почетокот – самиот Бог?

Ја имаме следната слика: типично американско семејство – татко, мајка, син и ќерка. Успешни се во смисла на материјалните работи, кариера, училиште, но без повисока (во смисла на духовна) животна цел. Нивниот син, дваесетдвегодишниот Кристофер Мек Кендлс, наместо да прошета во привилигираниот живот, тргнува во потрага за авантура. Дали е тој наивен идеалист, бунтовник од ’90-тите или уште една изгубена фигура во борбата на човекот и природата? Својот пат го започнува од житните полиња во Јужна Дакота до реката Колорадо. Припаѓал на имотно семејство од источниот брег, а патувал сè до Аљаска. Израснал во Вашингтон, каде што завршил училиште. По дипломирањето на универзитетот Емори, исчезнал. Го сменил своето име во Александар Големиот Скитник, својата заштеда од 4.000 долари ја дал во добротворни цели, го дал својот автомобил и тоа материјално што му останало го уништил, ги запалил парите во својот паричник. А потоа за себе измислил нов начин на живот, живеејќи на маргините на општеството, талкајќи по Северна Америка.

*An aesthetic voyager whose home is the road* – е описот на неговата слобода. Овој лик не е лажен, не е измислена фигура на голема земја како што е Америка, земја на парадокс и крајности, земја што би дала сè за да функционира нејзиниот систем, земја што побеснето се труди да ја одржи (постоечката) општествена структура. Овој лик е вистински, тој е борец против системот, борец за повисоки цели, за подлабока животна смисла. Тој не се помирувал со животот кој, гледајќи однадвор, е добар, комфорен, удобен, без многу маки. Тој сакал авантура, но над сè трагал за Слобода.

Слобода. Овој збор уште при неговото изговарање остава длабока трага. Кога и да помислиме за слобода, ни доаѓа длабоко да вдишиме и тоа чувство на широчина и исполнетост да го задржиме до вечноста. Да размислиме која асоцијација би ни паднала на ум за зборот слобода: широчина, пространство, бесконечност, природа, шума, ветер... Сите тие се елементи што му даваат на човекот полнота, неограниченост на просторот и на дејствувањето, смиреност, креативност и сл. Од слободата се јавувале различни општествени движења што имаат многу важна улога зашто се извори на општествени







промени. Општествена промена, подвижност, мобилност... гледате како е слободата една динамичка категорија. Слободата е категорија која е непрестаен извор на турбуленција. Вртлог што еднакво ги протесува и општеството и човекот во него.

Дали има слобода човекот, кој ѝ се радува исконски и тежнее кон неа во сите сегменти на општественото дејствување? Дали, на пример, дозволува системот во кој живееме да го развиеме своето право на слободно движење? Што е, меѓу другото, слобода на мислење, на вероисповед, говор; што е медиумска слобода, информациска слобода, правна слобода... што е Слобода и кој ни ја дава? Смееме ли да се запрашаме дали ни ја ускратуваат и општествените норми слободата, дали ни ја ограничуваат општествената етика и моралност исполнувањето на сопствената слобода? Секако дека смееме. Затоа што имаме – Слобода. Но таа слобода, иако е неограничена, не е деструктивна, не е убивачка, самоубивачка, геноцидна, дискриминаторна... Таа мора да биде афирмативна, благородна, мислостива, братољубива, мора да го сака светот, заедницата, местото, животната средина... Таквата и само таквата слобода му дава смисла на човековото постоење. А таква слобода добиваме во Светиот Дух.

А Александар Скитачот... Погледнете го филмот.

*Rather than Love, than Money, than Fame, give me the Truth.*

Henry David Thoreau

КИНОНИЈА

МУЗИКА



# ПОПУЛАРНАТА МУЗИКА - СОВРЕМЕН ЈАЗИК НА ХРИСТОС?

А. Д.



# ПОПУЛАРНАТА МУЗИКА - СОВРЕМЕН ЈАЗИК НА ХРИСТОС?



*„Неретко, младиот човек ја идентификува својата смисла на живот со музиката, и во неа се огледува како во некакво огледало. Музиката токму во тој случај станува стил, смисла и главен патоказ на животот“.*

**А. Д.**

**Вовед**

За музиката (од грчки. Μουσική) многумина зборувале. Едни од филозофска перспектива, други, пак, од перспектива на забава и разонода. Дефинирана е на разни начини, помалку или повеќе успешно. За Платон корените на музиката и на уметноста воопшто се во природниот порив за изразување. Според Аристотел, кој ја прифаќа и ја модификува Платоновата мисла за уметноста како подражавање на природата, музиката, од сите уметности, најмногу е подражувачка. Во најновата историја, според едни музиката е една од поубавите уметности, која создава устроени односи меѓу тоновите со цел да се изразат мисли и чувства (Оксфордов речник). Други велат дека таа „устроеност“ е ирелевантен поим и тврдат дека не постои врева или нехармонија меѓу тоновите, туку постои само музика (американски композитор Џон Кејџ). Како и да е, имајќи ги предвид зборовите на Жан Молин, кој музиката ја смета за исклучително општествен феномен чија дефиниција зависи од времето и културата, не е чудо што Жан Жак Натје вели дека границата меѓу музиката и вревата секогаш била дефинирана од културна и од социолошка перспектива. Со други зборови, дури и во рамките на едно општество или доба, таа граница никогаш не е јасно повлечена, па не е толку бесмислено да се каже дека не е можно да се најде една универзална, а во исто време и потполна дефиниција за музиката. Сепак, фактот е дека таа е отсекогаш со нас, дека е присутна во сите свои облици во нашите животи, некогаш и повеќе отколку што самите мислиме.

Нашата идеја не е уште еден обид за нејзина дефиниција, што е и невозможно да се направи, имајќи го предвид ограничениот обем на овој труд. Таа работа ќе им ја оставиме на музиколозите и на теоретичарите на музиката. Нашето поле на интерес е најпрво популарната музика и нејзиното влијание врз младиот човек, и анализата на потенцијалното влијание на популарната музика на самата мисија на Црквата во светот. Со други зборови, музиката како јазик, како комуникација во една заедница. Но пред тоа, накратко да се осврнеме на употребата и на влијанието на „популарната музика од античкото време“ врз мисијата, односно врз животот како на старозаветната, така и на новозаветната заедница. Секако, мораме да имаме предвид дека е во прашање краток осврт, без интенција кон подлабоки анализи.

**Времеплов**

Воопшто, кога станува збор за музиката (прво вокална, а потоа и инструментална), уште од најраните периоди на историјата можат да се воочат силните влијанија на религиозните ритуали и културни феномени на одредени епохи. На пример, за Египќаните и за жителите од древна Месопотамија музиката имала важно место во религиските ритуали. Од друга страна, за старите Грци етичката вредност на музиката била многу важна и сите слободни граѓани имале задолжително музичко образование, верувајќи дека тоа влијае и на напредокот на самата држава. Значи, како таква, музиката била важен дел од животот на нашите предци и заземала важна улога во нивниот живот.

**Стариот Израел**

Музиката, како вокалната, така и инструменталната, била втемелена меѓу Јудејците, новозаветните христијани, но и во самата Црква низ векови. Кога зборуваме за старозаветната заедница, уште првите спомнувања за музиката можеме да ги воочиме во самото Свето писмо. Доволно е само да се спомне



Псалтирот и јасно е колку е важен ваквиот облик на изразување, особено во развојот на подоцнежното христијанско богослужење, кое како такво е проникнато, а можеме да кажеме и дека се темели на разни музички облици. Зборувајќи за Псалтирот, треба да спомнеме дека зборот псалм всушност е збор од грчко потекло, кој е превод од еврејскиот јазичен еквивалент, а се однесува на песна што е проследена со жичен музички инструмент. Интересно е дека меѓу самите псалми постојат одредени „жанрови“, при што така во некои се слави името Божјо (пофални), а некои се со меланхоличен или покајнички карактер, со молитвен стремеж на поединци, настанати во одредени животни тешкотии. Покрај псалмите (кои ги има 150), тука се и други библиски моменти што говорат за пеењето и свирењето, најчесто во името Божјо. На пример, во разговорот на Јаков и Лаван (1 Мој. 31,27) или Мојсеевата песна (2 Мој. 15). Да не говориме за периодите на Самуил, Давид и Соломон, чие време, можеме слободно да кажеме, претставува златно време на јудејската музика и поезија. За тој период секако се врзува и почетокот на настанокот на самите псалми.

Сигурно на музичкиот израз на стариот Израел влијаела музиката пред сè од Египет и од Вавилон, но и секако и од народите на Палестина што им биле блиски. Интересен е и увидот на Џон Дрејн поврзан за конфликтот на Илија и вавилонските пророци, кои со музика и со песна се обидувале да се доведат себеси до некаква екстатична состојба (1 Цар. 18, 27-29). Секако, јасно е дека и во израелскиот народ, како и воопшто во целиот древен свет, биле застапени слични музички инструменти: дајре, харфи, лири, тимпани, труби, хорни, флејти, кимвали кои алудираат на слични музички форми и облици од таа доба.

**Христијанство**

Што се однесува до периодите од раното христијанство, сигурно е дека тие многу нешта наследиле од Јудејците, бидејќи „Црквата се родила од Синагогата“. Меѓутоа, самата книга од Новиот завет не изобилува толку со таа музичка и поетична форма како книгите од старозаветниот корпус. Сепак, во посланието до Ефесјаните можеме да наидеме на Павловите совети до христијаните да пеат псалми и духовни песни (Ефес. 5,19; но и Кол. 3,16). Секако, не треба да го заборавиме ниту величието на Дева Марија и Песната на Захариј (Лука 1, 46-55 и 1,68-79), кои се вбројуваат во т.н. девет библиски песни.

Развојот на христијанската музика низ вековите денес довел до богат богослужбен опус и на истокот и на западот, и многу музички „жанрови“





во самата Црква. На пример, грегоријанскиот или амвросијанскиот „жанр“ на запад или пак византискиот или на пр. сирискиот „жанр“ на исток. А сите тие биле во одредена корелација со слични световни „жанри“ од својата епоха, или дури од нив, или барем паралено со нив се развивале. Со други зборови, таа музика била многу блиска, јасна и разбирлива за народот од кој настанала. Кажана со современиот речник, била „мејнстрим“ на својата доба.

Јасно е дека кога се спомнува оваа тема, не треба да заборавиме барем да спомeнеме некои од големите имиња, заслужни за христијанската поезија. А тоа секако: големиот поет на раната Црква – свети Ефрем Сирин, потоа свети Василиј Велики, свети Амвросиј Милански, свети Јован Златоуст, свети Григориј Велики, свети Јован Дамаскин и многу други пред и по нив.

**Загубата и враќањето на смислата**

Сепак, како што се развивало општеството, односно како што поминувале годините, религискиот мотив полека сè повеќе се губел од животот на човекот. Со поминувањето низ еден период на европска „просветеност“, сè станува секуларизирано, па така и самата музика. Се губат какви било религиски мотиви, а музиката станува помалку или повеќе нешто слично на она што била во еден период на Римската Империја, а тоа е средство за забава на народот, лишена од својата „длабока смисла“.

Ако ја исклучиме црковната музика и на истокот и на западот, како на пр. традиционалната музика од нашите краишта, религиските, или поконкретно,



библиските мотиви биле избришани од речиси сите музички правци. Меѓутоа, со развојот на популарната музика, полека почнуваат на сцената (особено преку џез, блуз и кантри) да се враќаат т.н. „длабоки мотиви“, а во нив и разни социјални и егзистенцијални прашања.

Поконкретно, кога зборуваме за широко популарните жанрови, со развојот на рокенролот (иако можеби може да се каже и порано), кој настанува во т.н. „Библиски појас“ (неслучајно така наречен) во САД, библиски слики (но, според зборовите на Бранко Боровечки, библиски слики по мера на црнците што потекнуваат од Африка, во чија традиционална музика често не можело да се разбере дали се пее за Бога или за жената) полека и тајно се појавуваат на плоча. Па така, во првите песни на бендот Јурај Хип (‘60-ти години) човекот не може да биде сигурен дали се пее за Бог или за жената. Понатаму, кон крајот на 60-тите и 70-тите



години, под влијание на песната „Приказна за Исак“ од Леонардо Коен и песната „Highway 61 Revisited“од Боб Дилан, кој исто така користи слики од Авраам и Исак, на пр. песната од Брус Спирнгстон „Adam Rasied A Cain“ (Адам го подигнал Каин, или во слободен превод, Адам „го барал ѓаволот“) или песната на групата „Blind Faith“ (Слепа вера), „In The Presence of the Lord“ (Во присуство Господово). Секако, приказната сосема се менува кога Боб Дилан станува христијанин (евангелист) и кога го објавува албумот „Slow Train Coming“ 1979 година, меѓу другото, со многу интересен симболичен наслов.

Значи, современата популарна музика не само што ја добива таа димензија трагање по смислата, туку преку неа почнуваат полека да провевуваат директно религиски, т.е. за нас овде најинтересните – христијански мотиви. Ситуацијата е таква и до ден – денеска, при што имаме музичари од разни правци, кај кои се појавуваат идеи преполни со христијански мотиви. Неблагодарно е да се издвои кој било, но ќе ја искористам можноста да го спомнам познатиот Боб Марли (инаку крстен христијанин од страна на етиописките монофизити), Лени Кравиц, познатиот бенд „U2, како и бендот „Flyleaf“ од Тексас. Или, на пример, американскиот бенд од Сан Дијего „P. O. D.“, кој на еден албум објавен во 1999 година има аражмански многу интересна изведба на 150-тиот псалм. Или конкретно нивната песна „If It Wasn’t For You“ (Да не беше Ти) која изобилува со христијански мотиви. Покрај нив, во последно време се развиваат и посебни фузии на жанрови што ги комбинираат популарните жанрови, додавајќи им епитет „христијански“, па така настануваат христијански рок, христијански панк, христијански хип-хоп итн... Од бојазливост да не се спомнат многу големи имиња, ќе застанам овде и ќе спомнам уште само три конкретни примери од нашите простори. А тоа се на пример: бендот „С времена на време“, потоа проектот на група познати музичари од нашите простори во соработка со епископот Јован (Ќулибрк), кои снимиле албум во рок ангажман на текстовите од преподобниот владика Николај (Велимировиќ), под наслов „Песни од Истокот и Западот“, а со благослов на митрополитот Амфилохиј, и музичкиот состав „Ступови“ кој направи интересна фузија од традиционалната и модерната музика. Сепак, треба да се знае дека сите овие примери (вклучувајќи го и мноштвото примери од оние што не се спомнати) претставува само мал дел од една огромна музичка индустрија.

Како и да е, ако ги оставиме за момент христијанските, библиски или религиски мотиви во популарната музика воопшто, ќе видиме дека музиката и без нив повторно игра голема улога во нашиот живот и е застапена во голема мера во нашето секојдневие.

**Влијание и мисија**

Како што видовме преку еден краток и максимално скратен (поради тоа веројатно и прилично сиромашен) преглед на развојот на конкретни мотиви присутни во музиката низ историјата, време е да се освrнеме на конкретна ситуација.

Имено, ако ја погледнеме сега таа застапеност на музиката (најпрво модерна) во нашите животи, пред сè во животите на младите луѓе кои интензивно се наоѓаат во потрага по смислата (на животот), ќе воочиме дека таа го бои речиси секој момент од нашето постоење. Секако, ако го заобиколиме оној „површен слој“ исполнет со шарлатански претстави, наменет за задоволување на најниските пориви од бесцелни „викенд-забави“, ќе воочиме бескрајно голем подмет на она што е всушност музиката. Нешто повеќе од празна забава, нешто повеќе од проста разонода. Ќе ја забележиме често насушната потреба на секој млад човек да трага по смислата преку морето мозички ноти, слушајќи или тонови или оној звор што има задача да подари длабоко значење. Неретко, младиот човек ја идентификува својата смисла на живот со музиката, и во неа се огледува како во некакво огледало. Музиката токму во тој случај станува стил, смисла и главен патоказ на животот. Со други зборови – станува самиот живот.

Сведоци сме на тоа дека млади луѓе во најчувствителниот период на растење, во т.н. „тинејџерски години“, некогаш дури и налудничаво се поистоветуваат со одредени музички жанрови и со онаа поука што ја „извлекуваат“ од текстовите или пак од животот на омилениот изведувач. Тоа често самите автори сакале тие или не, ги става во улога на педагог или, слободно кажано, во улога на „трет родител“. Несвесно, самите тие, или со своите постапки, или со делата, обликуваат или барем на некој начин влијаат врз многубројните животи, најчесто врз помладите генерации. Со други зборови, како „споредно дејство“, без оглед дали го прифаќаат тоа или не, добиваат одредена доза одговорност за она што ќе го создадат или што ќе го направат. Стануваат пример или, за несреќа, дури и идоли на своите реципиенти.

И не само тоа, посматрајќи го, дури и површно развојот на популарните музички жанрови, ќе видиме дека тие имале голем удел при разни културни ломови во историјата на модерниот човек







(само погледнете го развојот на рокенролот, панкот или на рапот).

Секако, сигурно постојат и оние луѓе во чии животи музиката не игра некоја важна улога, барем не свесно и волно и тоа е едноставно така. За нив таа е само разонода и забава. Меѓутоа, прашање е колку е тоа неопходно навистина и колку влијае свесно или несвесно врз нив? Но, таа расправа да им ја оставиме на стручњаците.

Значи, сега се поставува прашањето, бидејќи се наведени примери само мал дел од огромното море на современата музичка индустрија, што треба да правиме кога младите луѓе исклучиво во музиката би ги барале поддршката и смислата што не можат да ги најдат на друго место? Дали проблемот настанува затоа што тие немаат каде да најдат утеха од онтолошка природа? Што треба да направиме ние, како православни христијани, за да им дадеме на тие млади луѓе делче од онаа радост што самите треба да ја поседуваме и што треба самите да ја живееме?

Секако, никој не помислува да преслика потези од нашите предци, па на пример некои од популарните музички жанрови да ги воведе во православното богослужење. Или световната музика да ја претвори во црковна. Едноставно денес е поинакво време, а теологијата на православното богослужење е развиена во друг правец. Иако имало обиди на запад да се воведе т.н. „рок миса“ или дури во Скандинавија „хеви-метал миса“. Меѓутоа, за жал, сето тоа се претворило во некаков циркус, недостоен да се нарече „христијанско богослужење“. А на крајот на краиштата, не е поентата по секоја цена вештачки да се интегрира сè и сешто во светотаинскиот живот на Црквата. Иако, заради теолошко-социолошки експеримент, би било интересно да се види на што би личела „турбо-фолк литургија“.

Значи, воопшто не е идејата да се преземе популарна музика и култура и да се христијанизира, туку да се искористи како средство. Како еден современ јазик на модерните генерации, чиј живот и поглед на свет кратко го анализиравме. Кога рапот или рокот или кој било друг жанр можеле да бидат користени во општествени цели, во цели на класната борба и борба за човекови права, во цели на бунт против војни, против тоталитарни режими, или пак во цели на длабоки егзистенцијални преиспитувања и потраги, па дури и во целите на оние екстремни, нихилистички и богоборечки ставови, не гледам зошто жанровите на популарната музика не би можеле да се користат како помошно средство и јазик на современите христијански поуки и мисии.

Но поуки и мисии не во смисла на неопходно покрстување на реципиентот, туку пренесување една здрава порака што е христијанска во суштина, но не неопходно и експлицитно така именувана. Мораме да бидеме свесни дека светот по којзнае којпат, а особено светот на младите луѓе, станал едно огромно поле за ширење на науката Господова. Често на младиот и бунтовен човек не му е мило веднаш (од прва) да го прифати името Господово. Неретко, од една страна, затоа што ни самиот не е или воопшто не е запознаен со науката Христова, од друга страна затоа што му се приоѓа со еден за него недоволно јасен јазик. Токму затоа младиот човек треба да се подготви за Словото Господово. Да се научи на оние основни вредности кои ќе му го отворат патот јасно да го види Откровениот Бог. Апостол Павле не рекол без причина дека Законот (Стариот завет) бил педагог за Христос (Гал. 3,24). Или, пак, според Светите отци дека античките филозофи на некој начин биле подготовка на незнабожечките народи за Богочовекот.

**Заклучок**

Значи, денес младиот човек пред сè треба да се подготви за пат кон Господ, зашто израснувајќи во свет што одамна од својот живот го исфрлил Бога или што било Божјо, и самиот е против секакво спомнување на името Господово. Треба да се пријде во категориите што му се јасни на неговиот ум. Да се поткраде во рамките на неговиот светоглед. На крајот на краиштата, да се биде втемелен со духот на Отецот, и својот збор наизглед да го обликува во духот на конкретното време и така да даде вонвременска димензија.

Би требало да се научи младиот човек да биде човек и така да му се отворат очите, и да му се даде избор самиот да го избере својот пат. Без наметнување, но сепак да се даде Христос како нов – стар избор, избор што современата цивилизација свесно или несвесно го истргнала од умот на постмодерниот човек. Но секако без некои мегаломански очекувања, зашто, иако музиката денес е важен фактор во растењето на многумина, и стари и млади луѓе, сепак, како таква, не е единствен фактор.

Значи, би требало да ја земеме и популарната музика како уште еден сојузник на современата мисија на христијанството. Зашто како поинаку можеме да „одиме и да ги научиме сите народи, крштевајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух“ (Матеј 28,19), ако проповедаме, ги учиме и ги крштеваме на јазикот што не го разбираат во нешто што не го разбираат?

КИНОНИЈА

ПОЕЗИЈА

# МОЈОТ ХРИСТОС

**отец Андреј (Конанос),**
архимандрит



# МОЈОТ ХРИСТОС

**отец Андреј (Конанос),**
архимандрит

Колку ми се допаѓа Оној Христос на слободата
Без вратоврска тесна,
Кој со облеката на љубовта ќе заползи по земјата
За да ја собере мојата прашина,



Да ја стори глина
Со својата блага плунка,
И да ја стави на моите очи за да видам добро.
Бавно. Со љубов. Со прифаќање. Без закани и ужаси.
Христе мој, ако не си таков,
Тогаш сум засакал некој друг Христос.

**отец Андреј (Конанос),**
архимандрит



КИНОНИЈА

КИНОНИЈА

ИНТЕР-ВЈУ



## ИНТЕРЈУ СО КАЛИСТ (ВЕР) МИТРОПОЛИТ ДИОКЛИЈСКИ



# ИНТЕРВЈУ СО КАЛИСТ (ВЕР), МИТРОПОЛИТ ДИОКЛИЈСКИ:

*„Јас честитам, кога луѓето често се причестуваат“*



**Кратка биографија**

Епископот Калистос Вер е роден како Тимоти Вер, во 1934 година, во Сомерсет, Велика Британија. Се школувал во Вестминстер и Магделин колеџот во Оксфорд (класични студии и теологија). Откако ѝ се приклучил на Православната Црква во 1958 година, патувал во Грција, а се задржал во манастирот „Свети Јован“ на Патмос. Имал можност да запознае и други православни центри како Света Гора и Ерусалим.

Во 1966 година бил ракоположен за свештеник, а подоцна се замонашил и го добил името Калистос (Калист). Од истата година е и предавач на Оксфорд, на групата за Православни студии. Во грчката парохија во Оксфорд ја извршува функцијата парох. Во 1970 е избран за член на колеџот Пемброук, Оксфорд. Во 1982 е прогласен за епископ на Диоклеја под Константинополската Патријаршија.

Митрополитот Калист Вер им е добро познат на нашите читатели, благодарејќи на неговите книги, чиј тираж брзо се распродава. Минатата година интернет – презентацијата „Православието во Украина“ го објави интервјуто со овој истакнат современ богослов и црковен работник, каде што се подигнаа прашањата за единството на Црквата и за положбата на православието во Украина.

Денес ви предлагаме да се запознаете со пастирската страна од служењето на владиката Калист, архиереј на Константинополската патријаршија и професор на Оксфорд. Нашиот разговор со уважениот богослов ги опфати прашањата што се актуелни денес за подготовката за Светата тајна Евхаристија (Причест), односно за причестувањето според исповедта и за некои разлики во грчката и во руската практика.

Проследете го интервјуто:

***1 - Минатата година во Москва е организирана тркалезна маса, темата беше пастирското советување, при што се распараваше за постот, за молитвеното правило и за исповедта пред причест. Во Руската црква се вдомила традицијата дека задолжително пред Светата причесна треба да се пости три дена, да се прочитаат три канони и молитви пред причесна, а исто така задолжителна е исповедта. Што мисли-те вие, дали може да се олесни и да се упрости подготовката на луѓето пред причестување?***

Ние сме должни да ја земеме предвид традицијата на секоја месна црква и потребите не треба да ги менуваме изненадно. Прашањето поставено од вас е многу важно, особено за нас кои живееме на Запад, каде што православните Грци живеат рамо до рамо со Русите, понекогаш се наоѓаат дури и при иста парохија, како што е на пример во Оксфорд. Лично јас го поддржувам честото причестување. Честото, но не лекомисленото или невнимателното. Често причестување да, но секогаш со потребната подготовка. Што се подразбира под потребната подготовка?

Како прво, што се однесува на тајната исповед. Во византиската и во современата грчка традиција, колку што можам да видам, никогаш не се барало секој пат да се исповедуваме пред причесна. Исповедта и причесната се земаат како две одделни тајни. Не ми е познато дека на вселенските собори се донеле какви било канони за задолжителната исповед пред причесна. Тој обичај имал основа во Романската црква и во словенските цркви. Му давам предност на грчкиот приод на ова прашање. Притоа секој христијанин е должен регуларно да се исповедува, но не е должен секој пат кога пристапува за причесна. Таква е практиката во Оксфорд, како кај Грците, така и кај Русите. Би сакал да ја разгледуваме исповедта како одделна тајна, а не просто како елемент на подготовка пред светата причесна. Разбирам дека во Русија постојат пастирски тешкотии, каде што многу луѓе сакаат да се причестат, а свештениците едноставно немаат доволно време да ги сослушаат сите исповеди. Мислам дека би било подобро да нема честа исповед, за да биде сфатена исповедта за сериозна тајна. За да биде доволно време за оној што се кае да го отвори своето срце, а свештеникот сериозно да ја истражи неговата духовна состојба, што е невозможно да се направи, кога зад оној што се кае стојат и чекаат на исповед стотина луѓе.

***2 – Се поставува прашањето: како можам да пристапам кон света Причест, ако од времето од последната исповед направив некаков грев? Иако не толку голем и страшен грев, како што е убиство или прељуба, туку секојдневен грев, но сепак е грев.***



Сосема имате право: сите ние сме грешници и грешиме секој ден и секој час. Треба да ги разделиме посериозните гревови, кои мораме неодложно да ги исповедаме и помалку сериозните гревови. Секако, таквата категоризација на гревот не може во целост да биде основана, зашто пред Божјото лице секој грев е сериозен, сепак можеме да разликуваме грев што е за итна исповед или што може да почека. Ако некој згрешил со прељуба, тој е должен да се исповеда и да добие одредена епитимија. Од друга страна, ако сме згрешиле со мисла, тоа не е пречка да се причестиме. Ако лошо сме се скарале со пријател, најпрво мораме да се покаеме поради тоа пред да пристапиме кон причест; но ако таа караница била површна и веднаш сме се измириле, ми се чини, поради таков грев можеме да се причестиме без исповед. Ајде прво да сфатиме зошто Причест се дава за простување на гревовите, зашто такви зборови кажуваме пред Причест. Иако, секако, Причеста не ја заменува исповедта. Освен тоа, во молитвите пред Причест ние бараме прошка за гревовите.

***3 – Да се вратиме ли на таквиот аспект за подготовка за Причест како што е постот?***

Традицијата да се пости три дена или една недела пред Причест е исто така помесен руски обичај. Ако побараме во канонините или во одлуките од вселенските собори, нема да најдеме таков канон, таков пропис. Каноните говорат за пост во среда и во петок, за четири повеќедневни пости во текот на годината. Освен тоа, во богослужбените книги ние наидуваме на упатување на уште неколку посни денови, на пример: денот на отсекувањето на главата на Јован Крстител или празникот на Чесниот Крст Господов. Но во каноните ништо не е кажано за неопходноста да се пости три дена или цела недела пред Причест. Попрво би кажал дека потребата за исповед пред секоја Причест и постењето три дена или една недела се појавиле тогаш, кога луѓето почнале поретко да се причестуваат, еднаш и три – четири пати во година. Јас тоа го гледам како назадување. Во древната црква христијаните се причестувале секоја недела. Сметам дека во тие цркви, каде што причестувањето станало поретко не би било добро нагло да се менува традицијата и да се бара од луѓето да се причестуваат секоја недела. Но уверен сум дека причестувањето два – три пати во година не е доволно. Во практиката е многу добро да се пристапува за Причест секоја недела. Затоа ќе речам: постете во среда и во петок, воздржувајте се во сабота навечер, исповедувајте се барем еднаш месечно, но причестувајте се по можност често. Таква практика им препорачувам на луѓето што ги подготвувам за пристапување во Православната црква. Ако се причестува човекот еднаш во месец или поретко, велам дека е тоа премногу ретко. Ако се осврнеме на практиката на древната Црква и на учењето на светите отци, ќе видиме дека тие сведочат за честото причестување. Не само раните отци на Црквата, туку и подоцнежните, како свети Симеон Нови Богослов или Никодим Светогорец кој живеел во XIII, автор на „Добротољубие“, говорат во корист на честото причестување.



И јас сметам дека е добра појава движењето во Грчката црква за честото причестување. И го поздравувам тоа што често се причестуваат луѓето. Сметам дека правилата во однос на исповедта и постот пред Светата Причест можат да бидат изменети. Но тие прашања се наоѓаат во компетенцијата на помесните цркви.

Помнам кога штотуку го примив Православието пред педесет години, свештеникот на литургија излезе со Чашата и изговори: „Со страв Божји, со вера и љубов пристапете“, но никој не пристапи. Никој не се причести. Уште тогаш почувствував дека тоа не е исправно. Денес на Запад во православните цркви се причестуваат речиси сите. И јас сум радосен поради тоа. Секако, не се причестуваме затоа што сме уверени во сопствената праведност, туку затоа што веруваме во милоста Божја. Приоѓаме кон Светата чаша затоа што сме призвани, зашто Причеста ја нарекуваме Свет дар. Причеста не е нешто што може да се заработи или да се заслужи, таа секогаш е слободен дар на Божјата љубов.

***4 – Пред Причест свештеникот возгласува: „Светото за светите“, во смисла „свети дарови се за оние што се свети“, на што хорот одговара: „Еден е Свет, едниот Господ Исус Христос...“. Меѓутоа, ние не сме свети во таа смисла, сепак смело пристапуваме кон Причеста... Од друга страна, знаеме во Новиот завет и во литургиските текстови свет се нарекува секој православен христијанин што не е оддалечен од Црквата поради посебно тешки гревови. Како се однесува во тој случај светоста и моралното совршенство на човекот?***

Пред сè, ако зборуваме за поимот светост, треба да искористиме три збора: Еден, одделен, сите. Еден свет – Исус Христос. Светоста му припаѓа на Бога, само Он е свет по Својата природа. Ние можеме да бидеме свети само преку соучествувањето во светоста Божја. Понатаму, велиме дека кон светоста се призвани сите. Кога апостол Павле го адресира своето послание до сите свети во Рим, до Колосјаните итн., тој се обраќа до христијанските општини. Исто така и апостол Петар пишува за христијаните како за „свет народ“. Во таа смисла сите христијани се свети. На крајот зборуваме за оние свети што се прославени од Црквата и што се внесени во црковниот календар. Тоа истото можеме да го кажеме и за свештенството. Потоа, преку крштението сите христијани стануваат свештеници, како што пишува апостол Петар, кој не ги нарекува христијаните само свет народ, туку и „царско свештенство“. Понатаму, свештениците стануваат одделни – оној што Црквата го избрала и го поставила на таа служба преку ракополагањето. На тој начин и кај светоста и кај свештенството постојат три нивоа. Повикани сме да бидеме свети. Затоа, ако приоѓам за Причест, не го правам тоа затоа што самиот сум веќе свет, туку затоа што сум грешник на кој му треба Божјата помош, која му се дава преку Светата Причест. Се разбира, одделни луѓе од причината на направениот грев не можат да примат Причест. Секако, Причеста не е награда за светите,





туку помош за грешните. Во одделни житија наоѓаме дека некои свети по причестувањето долго време не пристапувале повторно кон Светата чаша, како на пример света Марија Египјанка. Таа се причестила во храмот на Гробот Господов, а потоа отишла во пустина, каде што многу години не примала Свети дарови, се причестила дури на крајот од земниот живот.

***5 – Може ли да биде тоа општо правило?***

Секако, тоа не е општо правило. Тоа е правило за светите, кои во текот на многу години можат да живеат со една Причест. Но ние сме должни да се причестуваме често. Не затоа што сме свети, туку затоа што сме слаби и имаме потреба од помош во благодат.

***6 – Кое место го зазема моралното совршенство во подготовката за причесна? Кај нас во Киев многу луѓе се исповедаат и се причестуваат секоја недела, а се случува и тоа некои од нив, откако ќе се исповедаат спроти причестувањето, наутро повторно да побараат да се исповедаат, затоа што во текот на вечерта и ноќта згрешиле со нешто. Со неблагочестиви мисли, желби во срцето и др. Освен тоа, многу христијани секој пат од недела во недела исповедуваат еден ист грев. Како е можно да се дава ветување на исповед дека нема да се повторуваат „секојдневните“ гревови, ако точно знам дека повторно ќе ги направам?***

Премногу честото одење на исповед може да изгледа како своевидно суеверие. Треба да запомниме дека Причеста е благодат, а демонот не сака ние да примаме благодат. И тој бара каков било начин да нè спречи да се причестиме. Кога ќе се случи да нè нападне грешна мисла дури за време на Божествената литургија, треба да се покаеме во себе, зашто тоа е демонско искушение и треба да пристапиме за Причест. Благодатта што се дава со Светат тајна исповед и покајание е многу важна за секого од нас. Должни сме да ја земеме врз себе одговорноста „да одиме по својот пат“. Исповедта не смее да се претвори во механичко пребројување на едни исти гревови. Таа треба да биде доста ретка, да стане настан, вистинско отворање на својата внатрешна состојба. Секој ден во вечерните молитви ние се молиме за простување на нашите согрешенија. И ако искрено се молиме, Бог ќе ни прости уште истиот миг. Но тоа не значи дека не треба да одиме на исповед. Некои наши постапки се пречка за причестување сè додека не ги исповедаме. Должни сме сериозно да се однесуваме кон покајните молитви од нашето секојдневно правило. Исповедта не треба да биде премногу честа. Треба да му пријоѓаме на тоа прашање со повеќе одговорност. Честото одење на исповед ја обезвредува исповедта. Треба да сфатиме дека навистина имаме потреба во тоа повторно и повторно да исповедуваме еден ист грев. Не треба да ја избегнуваме исповедта затоа што се повторуваат гревовите. Едноставно не можеме да станеме свети преку ноќ. Потребна ни е борба, непрестаен аскетски напор над нас. Но, Божјата благодат во



нас прави промена. Можно е да не ја забележуваме, но таа се случува. Со помош на секојдневните напори, со благодатта Божја, со исповедта, а пред сè со Причеста можеме да се движеме напред – смирено и тивко.

***7 – Постои и тоа луѓето да се разочараат во своите напори, бидејќи исповедаат едно исто, се причестуваат, а нема никакви промени на подобро. Тоа особено се чувствува во големите градови со нивната суета, кога на човекот не му останува многу време за духовен живот. Работа, долг кривулест пат во метеж, семејни грижи... Не наоѓаат сите време дури ни за утринските и вечерните молитви.***

Всушност, ние клириците, а особено монасите што не мораат да се грижат за семејство и за деца, ги сфаќаме условите во кои живеат семејните христијани. Луѓето се принудени многу да работат, долго да патуваат на работа и дома, а кога ќе се вратат дома, ги чека многу работа да завршат... Мораме да ги сфатиме тие нејасни услови во кои живеат многу лаици. Не гледајќи на тоа, секој христијанин може да најде барем малку време навечер и наутро да се помоли пред икона. Дури пет минути навечер и наутро имаат многу значење. Тие минути ја даваат „насоката“ на целиот ден и длабочината што не може поинаку да се достигне. Треба да кажеме и за кратките молитви кои можеме да ги произнесуваме во текот на денот. Можеме да се молиме додека се тушираме, додека патуваме во метро, додека се возиме со кола или додека стоиме во метеж. Можеме да користиме кратки молитви, како на пример Исусовата молитва: „Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме мене грешниот“, или „Слава Ти Господи, слава Ти“, или „Пресвета Богородице, спаси нè“ или која било друга кратка молитва. Така можеме да се молиме дури и во најзафатеното време, или, на пример, кога одиме од едно место во друго. Многу е важно да видиме дека освен специјално одвоеното време за молитва пред икона (кое му е потребно на секој од нас), постои можност слободно да се молиме и во текот на денот, на кое било друго место. Но ако сакаме да се молиме во текот на денот, потребно е да избереме кратки молитви како Исусовата молитва. Секогаш можеме да ја изговараме Исусовата молитва: кога чекаме нешто, кога патуваме, кога одиме, во текот на промените на задачите на работа итн. Апостол Павле вели: „Молете се непрестајно“. Тој што говори за тоа дека постојаното молење е многу тешко, започнува со многу едноставни: чести и кратки молитви во текот на денот. Со помош на таквите молитви можеме да го исполниме сиот свој ден со присуството на Христос – и тоа е пат кон вистинска молитва. Барајте го Христос секаде. Исусовата молитва можат да ја изговараат не само клирици и монаси, туку и лаиците кои имаат семејство и световни обврски. Држете се до Исусовата молитва во секој момент, освен кога се бара од вас зголемено концентрациско внимание. Можеме да ги обединиме времето за молитва и работата. Да се учиме на таквиот начин на Исусовата молитва е многу важно во нашиот секојдневен живот. Исто така и децата треба да ги учиме на Исусовата молитва. Тие можат од време на време да ја повторуваат Исусовата молитва уште од предучилишна возраст, затоа што е кратка и едноставна.

***8 – Апостол Павле вели: „Секогаш радувајте се. Непрестајно молете се. За сè благодарете“. Многу е тешко да се радуваме секогаш и да благодариме, кога гледаме колку зло има во овој свет.***

Не заборавајте дека љубовта Христова е посилна од кое било зло во нашите срца. Воскреснатиот Христос е посилен од секое зло. Верувајте дека воскреснатиот Христос е секогаш со нас и дека ни ја дава Својата благодат.

IMPRESSUM

# КИНОНИЈА


Ноември 2017, двоброј 1/2, година I

| | |
|---|---|
| **ИЗДАВА:** | Издавачка куќа „Св. Гаврил Светогорец“ при Австралиско - сиднејската епархија |
| **ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК:** | Митрополит Дебарско - кичевски и Плаошко - струшки и Администратор Австралиско - сиднејски г. Тимотеј |
| **УРЕДУВАЧКИ ОДБОР:** | Др. Ананија Ананиевски<br>Архимандрит Гаврил (Галев)<br>Протојереј Александар Цандовски<br>Протојереј Станко Јовановски<br>Протојереј - ставрофор Ефтим Бетински<br>Протојереј - ставрофор Ѓорѓија Лапоски<br>Протојереј - ставрофор Љубомир Милошоски |
| **СОРАБОТНИЦИ:** | Г. Наум (Илиевски), Митрополит Струмички<br>Проф. д-р Виолета Ачкоска<br>Проф. д-р Драган Зајковски<br>Вонр. проф. д-р Дејан Борисов, ѓакон<br>Игуманија Илијана (Илкова) |
| **ЛЕКТОР:** | Протојереј - ставрофор Љупчо Двојаковски |
| **КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА:** | Александар Павловски |
| **КОНТАКТ:** | kinonija@gmail.com |


*Посветено на големиот јубилеј на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија: 50 години возобновена Охридска Архиепископија како Македонска Православна Црква*



**Со благослов на Неговото Високопреосвештенство, Митрополитот Дебарско - кичевски и Плаошко - струшки и Администратор Австралиско - сиднејски г. Тимотеј**



КИНОНИЈА